УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО БЕЗБЕДНОСТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМА:

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И БЕЗБЕДНОСНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД СТРАТЕШКОТО РИВАЛСТВО ПОМЕЃУ ГОЛЕМИТЕ СИЛИ

Ментор:

проф. д-р Горан Зенделовски

Изработил:

Димитар Митрески

Број на индекс: 5399/21

Скопје, 2024 година

**СОДРЖИНА**

Вовед.........................................................................................5

**I. ГЛАВА: ОПШТО ЗА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА**

1.1 Генеза на глобализацијата ..........................................10

1.2 Поим и дефинирање на глобализацијата ..........................13

1.3 Позитивни ефекти на глобализацијата ............................15

1.4 Негативни ефекти на глобализацијата ............................18

**II. ГЛАВА: ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ**

2.1 Безбедносни импликации од процесот на глобализација ..........23

2.2 Безбедносни придобивки од процесите на глобализација ..........26

2.3 Поим и дефинирање на меѓународна безбедност ....................29

2.4 Концепт на безбедносна дилема .......................................32

**III. ГЛАВА: СТРАТЕШКО РИВАЛСТВО ВО 21 ВЕК**

3.1 Определување на стратешкото ривалство ...........................37

3.2 Поим и дефинирање на стратешката конкуренција ..................40

3.3 Видови на стратешка конкуренција ...................................41

3.4 Мултиполарноста и стратешка конкуренција ........................45

3.5 Новиот светски поредок низ призмата
на стратешката конкуренција ...........................................46

3.6 Рамнотежа на силите во меѓународните односи ....................48

**IV. ГЛАВА: БЕЗБЕДНОСНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД СТРАТЕШКОТО РИВАЛСТВО МЕЃУ ГОЛЕМИТЕ СИЛИ**

4.1 Улогата и влијанието на големите сили ............................53

4.2 Соединетите Американски Држави ....................................56

4.2.1 Општи напомени ..........................................................56

4.2.2 Цели и интереси на САД ................................................60

4.3 Народна Република Кина ..................................................63

4.3.1 Општи напомени ..........................................................63

4.3.2 Цели и интереси на НР Кина ...........................................65

4.4 Руска Федерација ............................................................69

4.4.1 Општи напомени ..........................................................69

4.4.2 Цели и интереси на Русија .............................................72

4.5 Република Индија ...........................................................76

4.5.1 Општи напомени ..........................................................76

4.5.2 Цели и интереси на Индија .............................................79

4.6 Безбедносни импликации од стратешкото ривалство
на големите сили ..............................................................81

4.7 Компарација на целите и интересите на големите сили ............................83

Заклучок ..........................................................................................................88
Користена литература ..........................................................................92

## Вовед

Распаѓањето на биполарниот светски поредок доведе до појава на нови безбедносни закани и предизвици за државите зголемени по интензитет, простор и време.[1] Во последната деценија на 20 век дојде до значителни промени во меѓународната заедница окарактеризирани со распаѓање на биполарната поделба на светот и развој на интеграциските процеси. Развојот на информациските и комуникациските технологии придонесе за интензивирање на промените и го забрза процесот на глобализација речиси во сите сегменти на меѓународните односи.[2]

Во новиот мултиполарен свет се јавуваат сили со поразлични вредности и системи на уредување за разлика од силите кои се дел на Западниот Свет, со демократско либерален систем на уредување слични по култура, религија и вредности. Како на пример, авторитарна комунистичка Кина, земјите кои го сочинуваат арапскиот свет, руската федерација, кои имаат различни стратешки определби, ставови и вредности од западниот свет.

Проблемот на истражување на овој труд се однесува на процесот на глобализација чии поттикнувачи и носители се големите сили, нејзините ефекти кои се рефлектираат врз општеството, безбедносни импликации и придобивки од процесот на глобализација врз општеството. Стратешкото ривалство на големите сили и безбедносните импликации кои произлегуваат од него.

Глобализацијата е феномен кој драматично го одбележува духот на современата доба и ја обликува политиката, економијата и општествениот живот во светот, нееднакво и со различни последици. Како таа како универзален процес, којшто подразбира интензивно економско, технолошко и воено поврзување на луѓето, народите и државите, според моделот на западноцивилизациската парадигма сè повеќе добива на интензитет, со сè

[1]Зенделовски Горан и Нацев Зоран, Глобализацијата, мирот и безбедоста, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.2.
[2]Ѓуровски М., „Основи на безбедност - концепциски безбедносни пристапи“, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија Универзитет „Св. Климет Охридски“ – Битола, Скопје 2021, стр.146

повеќе изразена тенденција да ги зафатат сите сфери на индивидуалната и колективната егзистенција на луѓето.[3]

Концептот на глобализација доведе до редица промени во меѓународните односи. Таа ја намали улогата на државата, а воедно ги зголеми влијанието и моќта на меѓународните глобални економски и безбедносни институции како што се Меѓународен монетарен фонд, Светска банка, Светска трговска организација, Групата осум најразвиени земји во светот, Организацијата на Обединетите нации и Северноатлантската алијанса НАТО. Исто така, таа доведе до формирање нови меѓународни наддржавни организации како мултинационални, транснационални корпорации, недржавни актери како што се невладините организации, потоа субдржавни актери како терористички групи и разни општествени и национални движења, кои имаат сè позначајна улога на меѓународната сцена, а донекаде се стремат и за поседување на моќ слична на државите.

Денес постојат многу дилеми кои го следат феноменот на глобализација, а тоа е, што е автентичната смисла на глобализацијата – дали е таа закана за светот или шанса за негово значајно подобрување? Всушност, дали глобализацијата ќе го направи светот подобар со ширењето на просторите на технолошкиот напредок, мирот, соработката и демократскиот развој на луѓето, народите и државите, или, пак, таа ќе биде во функција на „афирмација“ на принципот моќ, тоталитаризам, нееднаквост, насилство и неизвесност, т.е. во функција на оние тенденции кои нужно ќе произведуваат поделеност и спротивставеност во светот.[4]

Процесот на глобализација чиј поттикнувачи и носители се големите сили и нивните геостратешки и геополитички позиционирања продуцираат голем број на безбедносни импликации кои оставаат траги и нестабилност не само во послабите земји и земји во развој туку и во развиените земји. Стратешките определби на големите сили оставаат последици на национално, регионално и глобално ниво.

[3] Стојанович Станислав, Безбедноста и предизвиците на процесот на глобализација, Воено дело, бр. 1, 2005, Белград, стр. 23.
[4] Аврамов Смиља, Безбедноста во 21 век, Зборник на трудови СИМБОН 2001, Белград, стр. 426-429.

За да можеме подлабоко да ги истражиме и објасниме безбедносните импликации од стратешкото ривалство помеѓу големите сили, треба да ги согледаме позитивните и негативните аспекти на глобализацијата, безбедносните импликации и придобивки од нејзините процеси, потоа стратешките цели и определби на светските сили САД, Русија, Кина, Обединетото Кралство, Франција и Индија.

Сметаме дека глобализацијата паралелно продуцира можности и кризи, поради тоа што е непредвидлива и контрадикторна појава чии последици се асиметрични во однос на луѓето државите и регионите. Денес се соочуваме со различни типови на безбедносни импликации и „произведени ризици“ кои се продукт на човековото знаење, активност и технологија. Такви се на пример еколошките како (глобално затоплување, деградирање и уништување на животната средина), економски како (консумеризмот, хиперпродукција, експлоатација на природни ресурси) и здравствени (како генетски модификувана храна, болести птичји и свински грип и други).[5]Покрај овие спаѓаат и несигурност на работните места, опаѓање на влијанието на традициите и обичаите и друго.[6]

Според тоа, предметот на истражување се однесува на безбедносните импликации кои произлегуваат од стратешките ривалства помеѓу големите сили. Стратешките цели и определби на големите сили со себе носат и одредени импликации кои се одразуваат врз сите сфери и облици во општеството и државата. Безбедносните импликации кои произлегуваат од стратешките ривалства се: пораст на нееднаквоста во светот, зголемена несигурност и небезбедност на одредени области, држави и региони, економски и финансиски кризи, трка во вооружување, зголемен ризик за употреба на оружје за масовно уништување, масовни мигрантски кризи и друго.

Гледано од безбедносен аспект, се појавија редица импликации од меѓународен карактер, како што се промена на геополитичкиот и геостратешкиот пејзаж, зголемено чувство на небезбедност и несигурност и

[5] Гиденс, Е., Социологија четврто издање, Економски факултет, Београд, 2007, стр.72.

затегнати односи меѓу големата тројка – САД, Русија и Кина.[7] Во новиот мултиполарен свет се јавуваат сили со поразлични вредности и системи на уредување за разлика од силите кои се дел на западниот свет, со демократско либерален систем на уредување слични по култура, религија и вредности.

Во изминативе две децении се соочивме со неколку глобални кризи кои предизвикаа радикални промени на меѓународен план.[8] Една од нив е актуелната војна во Украина која предизвика рапиден пораст на инфлацијата во светот, пораст на цените на енергенсите и храната, предизвика социо-економски последици во повеќе земји и го зголеми интензитетот на натпреварот помеѓу големите сили. Најавата за создавање нов светски поредок го актуелизираше прашањето за безбедноста којашто требаше да ги создаде темелите на новиот поредок и новите односи на државите.

[7]Kirshner J., Globalization, American Power, and International Security, Political Science Quarterly Volume 123 No.3 2008, page364.
[8] Evans Alex et al. Confronting the long crisis of globalization: Risk, Resilience and International Order, Managing Global Insecurity, Brookings CIC, 2010, page 9.

# I. ГЛАВА: ОПШТО ЗА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Глобализацијата е феномен кој драматично го одбележува духот на современата доба и ја обликува политиката, економијата и општествениот живот во светот, нееднакво и со различни последици. Таа како универзален процес, што подразбира интензивно економско, технолошко и безбедносно-воено поврзување на луѓето, народите и државите, според моделот на западноцивилизациската парадигма сè повеќе добива на интензитет, со сè повеќе изразена тенденција да ги зафатат сите сфери на индивидуалната и колективната егзистенција на луѓето.[9]

Современите текови на глобализација доведоа до редица промени во меѓународните односи. Таа ја намали улогата на државата, а воедно ги зголеми влијанието и моќта на меѓународните глобални економски и безбедносни институции како што се Меѓународен монетарен фонд, Светска банка, Светска трговска организација, групата седум најразвиени земји во светот, Организацијата на Обединетите нации и Северноатлантската алијанса. Исто така, таа доведе до формирање нови меѓународни наддржавни организации како мултинационални и транснационални корпорации, недржавни актери како што се невладините организации, терористички групи и разни општествени и национални движења, кои имаат сè позначајна улога на меѓународната сцена, а донекаде се стремат и за поседување моќ слична на државите.[10]

Денес, постојат многу дилеми кои го следат феноменот на глобализација, а една од најосновните е дали глобализацијата е закана за светот или шанса за негово значајно подобрување? Всушност, дали глобализацијата ќе го направи светот подобар со ширењето на просторите на технолошкиот напредок, мирот, соработката и демократскиот развој на луѓето, народите и државите, или, пак, таа ќе биде во функција на „афирмација“ на принципот моќ, тоталитаризам, нееднаквост и неизвесност т.е., ќе биде во функција на оние тенденции кои нужно ќе произведуваат поделеност и спротивставеност во светот?

---

[9] Стојанович С., Безбедноста и предизвиците на процесот на глобализација, Воено дело, бр. 1, 2005, Белград, стр. 23.
[10] Зенделовски Горан и Нацев Зоран, Глобализацијата, мирот и безбедоста, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.3.

## 1.1 Генеза на глобализацијата

Глобализацијата влече корени уште од времето на империјализмот, односно корените на глобализацијата произлегуваат од ангажманите и настојувањата на империјалните сили за создавање еден вид светска држава, глобален политички и економски систем сообразен на нивни видувања и интереси. Главно, глобализацијата се поврзува со економијата, односно со развојот на пазарите и трговијата, формирањето на меѓународните економски организации и институции и капиталистичката доминација. Одредени автори тврдат дека првата ера на глобализацијата започнала со појавата на либерализацијата во XIX век која траела сѐ до почетокот на XX век.[11]

Други сметаат дека зачнувањето на глобализацијата започнало неколку века порано во време кога народите пројавувале интерес за заземање туѓи територии и природни ресурси во нивната блиска околина па и пошироко. Како на пример империјалните и освојувачки походи под водство на Александар Македонски, Римската Империја, Кристофер Колумбо, Наполеон Бонапарта, Османлиското Царство и така натаму.[12]

Трети автори глобализацијата ја сметаат како нов процес, односно започнувањето на глобализацијата и глобализациските процеси ги поврзуваат со периодот пред крајот на Студената војна којашто предизвика и доведе темелни промени во меѓународните односи.[13]

[11] Исто, стр. 10.
[12]Мицович В., Глобализација и нов светски поредок, Цигоја штампа, Белград, 2001.
[13]Пецујлич М., Зад глобализацијата, Голден Маркетинг, Загреб, 2003, стр. 29.

Слика 1 - Светскиот систем од 13 век




(I. Северо-западна Европа; II. Јужна Европа; III. Монголска Империја; IV. Среден Исток; V. Египет; VI. Западна Индија; VII. Источна Индија; VIII. Кина)

Новите достигнувања најдобро зборуваат за современата ера на глобализација. Така, во секојдневниот живот, препознаваме дека огромен број луѓе во светот имаат пристап до интернет, кабловска телевизија и мобилни телефони. Но, моќта и богатствата се различно распределени меѓу земјите во светот. Најразвиените земји имаат огромно богатство и доминираат на светската економска, политичка и информатичка сцена. Успеваат врз основа на знаење и моќ. Сепак, има и друга страна – поголемиот дел од светот живее во сиромаштија, беда и глад. Ова се најпрепознатливите амбивалентни манифестации на глобализацијата.[14]

Авторот Френцис Фукујама заклучува дека во одредена смисла ние би можеле да ја наречеме нашата „ера на Соединетите Американски Држави – „Пакс Американа“ или „ера на американската хегемонија“. Ретко кој друг историски период не видел толку голема разлика помеѓу воената, економската и културната сила на една водечка голема сила и силата на другите сили, оние со второкласни или третокласни работи.[15]Тој вели дека Америка на светската сцена била прилично неодлучен доминатор, ја користеше својата моќ во

[14]Бранко Ковачевич, „Глобализација и Сувереност“, Бања Лука 2014, стр. 21-22.
[15] Френсис Фукујама, „Како да се нарече нашата ера“, во збирката „Глобален свет. Осум есеи за глобализацијата“, Нова српска политичка мисла, Белград, 2003, стр. 28.

релативно нејасни конфликти како што се оние во Сомалија, Хаити или Косово, и избегна да воведе структурни промени во светскиот поредок. Од падот на Берлинскиот ѕид, моќта на Америка се користи повеќе за да ги испровоцира другите земји отколку да ги преобликува според американскиот модел.[16]

Поради трговските случувања и финансиските размени, честопати размислуваме за глобализацијата како економски и финансиски феномен. Сепак, таа вклучува многу пошироко поле отколку само проток на стоки, услуги или капитал. Според тоа глобализацијата можеме да ја идентификуваме и како економска, финансиска, културна, политичка, социолошка, технолошка, еколошка и така натаму.[17]

Познати се три брана на глобализација. Првиот бран е поврзан со создавањето на модерниот светски систем во почетокот на 16 век. Изразен преку зголемената моќ на Западот преку аспектите на модернизацијата како што се националната држава, пазарот, демократија, културна револуција, социјални права итн. Карактеристично за овој период било тоа што ривалството помеѓу државите било регулирано со создавањето на Вестфалскиот мировен договор во 1648 година. Во оваа доба на глобализација доминантни биле следниве хегемонии: Шпанија и Португалија во 16 век; Холандија во 17 век и „Pax Britanica“ во 18 и 19 век.[18]

Овие царства и империи имале голем придонес во зголемувањето на меѓузависноста во сферата на политиката, културата, економијата, технологијата, комуникацијата, размена на стоки и услуги и друго. Потоа, научни достигнувања во областа на математиката, астрологијата, физиката, хемијата, откривање на барутот, свилата, хартијата, компасот, инженерството и друго.[19]

Вториот бран на глобализацијата го опфаќа периодот од 1940 до 1980 година. Во овој период истакнато е заземањето на првото место во светот од страна на САД по долгогодишната доминација на Европа и поместувањето на

---

[16]Исто.
[17] (Globalization: Definition, benefits, Effets, Examples – What is globalization?) https://youmatter.world/en/definitions/definitions-globalization-definition-benefits-effects-examples/
[18]Зенделовски Горан. Нацев Зоран., Глобализацијата, мирот и безбедоста, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.12.
[19]Манфред Б. Стегер, „Глобализација“, Сахинпашич, Сараево, 2005, стр. 23.

гравитацискиот центар на моќ од Европа во Северна Америка. Покрај тоа главна карактеристика на овој период е формирањето на повеќе меѓународни политички, безбедносни и економски организации и тела како на пример Обединетите нации, Светска банка, Светска трговска организација, Меѓународен монетарен фонд, НАТО и други. [20]

Периодот на трет бран на глобализација се сметаат 90-тите години на минатиот век, сè до првите години на 21век, познат уште како и период на турбоглобализација. По крајот на Студената војна глобализацијата доби капиталистички, корпоративни, западни и американски примеси. Во овој период се интензивирала размената на информации, односно интернетот стана главно средство за комуникација и размена на стоки и услуги како и влијанието на наднационалните организации.[21]

Од горенаведеното можеме да заклучиме дека експертите сè уште не можат да се усогласат околу причините и хронологијата на глобализацијата. И, акцентот не треба да се става на нејзината историја, односно на фактот дека таа е реален и неизбежен процес.

## 1.2 Поим и дефинирање на глобализацијата

Постои широк спектар на дефиниции и објаснувања за тоа што претставува глобализацијата. Глобализацијата претставува перманентен, прогресивен и повеќедимензионален комбиниран процес на политичко-економската либерализација, информатичко-технолошкиот развој и интернационализацијата. Таа е иреверзибилен (неповратлив), ирегуларен процес и историски тренд во континуитет којшто е во постојан пораст и ширење, а придонесува за зголемување на глобалноста. Глобализацијата е збор што се користи за опишување на растечката меѓузависност на светските економии, култури и популации, предизвикана од прекуграничната трговија со стоки и услуги, технологија и проток на инвестиции, луѓе и информации. Терминот се здоби со популарност по Студената војна (во раните 1990-ти),

---

[20]Зенделовски Горан. и Нацев Зоран, Глобализацијата, мирот и безбедоста, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр. 14.
[21]Исто, стр. 14.

бидејќи овие кооперативни аранжмани го обликуваа модерниот секојдневен живот. Поимот глобализација се однесува на меѓународната трговија и на инвестициските текови меѓу напредните економии, главно на Соединетите Американски Држави.[22]

Глобализација е поим што се користи за да ги опише промените во општествата и светската економија како резултат на драматично зголемената трговија и културната размена. Во специфично економски контекст, таа се однесува  на ефектите на трговската глобализација, односно на слободната трговија.[23]

Глобализацијата во широка смисла значи дека сите активности од животот на луѓето ги преминуваат границите на националните држави, а во потесна смисла, поврзаноста на светот на економска основа, како резултат на што доаѓа до зголемување на мобилноста на луѓето, стоките, капиталот со истовремена и силна интеграција на економските активности и зголемување на меѓузависноста. Затоа, глобализацијата значи „процес на сè поинтензивна и широко распространета поврзаност и меѓузависност на сè поголем број општества, зајакнување на моќта на транснационалните и наднационалните сили и институции и проширување на современите форми на технологија и економски и политички живот на речиси целиот простор на светот, како и интензивен процес на поларизација и конфронтација на народите, земјите и регионите“.[24]

Со глобализацијата паралелно се јавуваат процесите на интеграција и на дезинтеграција. Глобализацијата како процес го зголемува интензитетот на сите видови односи и меѓузависност на светско ниво. Таа е „процес на создавање единствен економски и политички простор на нашата планета, односно процес на поврзување и обединување на современите општества во светското општество“.[25]

---

[22](What is globalization?, And how has the economy shaped the United States?) https://www.piie.com/microsites/globalization/what-is-globalization,
[23](Што е глобализација) https://biznisinfo.mk/shto-e-globalizacija/,
[24]Стојановиќ С., „Глобализацијата и безбедносните преспективи на светот“, Воена издавачка куќа, Белград, 2009, стр. 16.
[25] Марковиќ Д, „Социологија и глобализација“, Центар за обука на образовни менаџери, Белград, 2000, стр.18.

Во Оксфордскиот речник по социологија, глобализацијата е опишана како „конкретно структурирање на светот како целина, а тоа значи пораст на свеста на глобално ниво дека светот е околина која континуирано се конструира“. Како најприфатена дефиниција во речникот е посочена дефиницијата на Волтерс која гласи „глобализацијата е социјален процес во кој исчезнуваат географските ограничувања на социјалните и културните аранжмани и во кој луѓето стануваат сè посвесни дека таквите ограничувања исчезнуваат“.[26]

Ентони Гиденс ја разбира глобализацијата како „интензивирање на општествените односи на светско ниво, кое ги поврзува далечните места на таков начин што локалните настани се обликуваат од настани што се случиле километри подалеку, и обратно“.[27]

Пјер Бурдје посочува дека глобализацијата е „враќање кон еден вид радикален капитализам“, глорификација на „она што се нарекува финансиски пазар“, отворен капитализам кој никој сериозно не го ограничува. Како таков, тоа воопшто не е хомогенизација, туку „проширување на моќта и влијанието на мал број доминантни нации врз целината на националните берзи“.[28]

Според Светската здравствена организација, глобализацијата може да се дефинира како „зголемена меѓусебна поврзаност и меѓузависност на народите и земјите. Општо, се подразбира дека вклучува два меѓусебно поврзани елементи: отворање на меѓународни граници на сè побрзи текови на стоки, услуги, финансии, луѓе и идеи; и промените во институциите и политиките на национално и меѓународно ниво кои ги олеснуваат или промовираат таквите текови“.[29]

---

[26] MarchelG ., „A Dictionary of Sociology“, Second Edition, Oxfird University Press, 1998.
[27] Владимир Вулетиќ, Современи теории на глобализацијата, „Глобализација и транзиција“, Институт за општествени науки, Центар за економски истражувања, Белград, 2001, стр. 96.
[28] Пјер Бурдје, Одбрана на цивилизацијата, Република, бр. 280, 1-15 март 2002 година, стр. 18
[29](Globalization and health) https://www.who.int/director-general/speeches/detail/globalization-and-health,

## 1.3 Позитивни ефекти на глобализацијата

Глобализацијата претставува цврсто поврзување и интегрирање на земјите и народите од целиот свет. Овозможува зближување на различни делови од светот заради поголем проток и размена на идеи, придонесува за заемно разбирање и има крајна цел за создавање глобална цивилизација. Многумина експерти од оваа проблематика истакнуваат дека економските аспекти на глобализацијата се најизразени и највоочливи. Слободната трговија придонесува кон следниве економски предности: проширување на пазарите, пораст на профитот, економска интеграција, либерализација на надворешната трговија, транснационализација на производството, развој на конкуренцијата, развој на глобалните финансиски системи и друго. Преку зголемената меѓузависност и економско интегрирање се покажа како предност на некои земји да ја напуштат долгогодишната изолација и да се приклучат кон регионалните и меѓународните глобални економски институции како Европската Унија, Меѓународниот монетарен фонд, Светска банка и Светска трговска организација. Преку слободната трговија се овозможува ширење на технологијата и знаењето од модерните поразвиени земји со стандардизирани и ефикасно планирачки процеси кон земјите со помалку развиени капацитети и способности.[30]

Општо земено, глобализацијата придонесе многу земји од Третиот Свет да излезат од повеќегодишна изолација. На луѓето од тие земји им создаде можности за поинакво перцепирање на работите како резултат од создадените услови за слободен пристап до нови сознанија. [31]

[30]Jose Manuel Barroso, "Europe and the challenges of globalization", President of the European Commission, Speech given at St Antony's College , Oxford, 11 October 2007.
[31]Зоран Нацев,„Предизвиците на глобализацијата и безбедносните импликации", „Годишен зборник", Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 493.

*Слика бр. 2 - Позитивни ефекти од процесот на глобализација.*




Одделни држави кои навремено извршија преструјување и адаптација кон новите околности, преку економското интегрирање во глобалниот економски систем, значително искористија од глобализацијата како што се на пример земјите од Источна Азија. Односно, со отстранувањето на бариерите за меѓународна трговија како и преку олеснување на пристапот до пазарите и технологијата, на многу земји им се овозможи да остварат значително побрз развој отколку порано. Глобализациските процеси резултираа со создавање повисок степен на економска зависност меѓу високоразвиените демократии, што во многу нешта ги намали шансите и недоразбирањата помеѓу нив да ги решаваат со употреба на сила. [32]

Трансформациските процеси на глобализацијата на глобално ниво се одразија и врз редизајнирањето на целокупната структура на општествата, при што доведе до ситуација за посилна национална и интернационална соработка, како и системска компатибилност во повеќе сфери. Се смета дека на глобално ниво глобализацијата придонела за унифицирање на земјите. Современата фаза на глобализациските процеси доведе до истакнување на два универзални темелни вредности, а тоа се човековите права и демократијата. Според тоа може да се заклучи дека глобализацијата ги поттикнува, ги развива и ги забрзува демократските процеси, ги зголемува слободите, меѓузависноста и

[32]Зоран Нацев, „Предизвиците на глобализацијата и безбедносните импликации“, „Годишен зборник“, Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 493.

интегрираноста на народите и државите, притоа нудејќи им можност и бенефити за создавање предност на национално и на меѓународно ниво, намалување на социјалните разлики, подобар стандард за живеење и слично. Покрај тоа, доаѓа до редуцирање на веројатноста за политичка нестабилност, војна и конфликти.[33]

Достапноста на комуникациската технологија како еден од најочигледните поттикнувачи мотори на глобализацијата овозможи зајакнување на врските меѓу активисти во различни делови на светот во промовирањето и остварувањето на идеи и цели корисни за глобалната заедница. [34]

Една од поочигледните придобивки на глобализацијата е во подобрувањето на здравствените услуги на населението, во подобрување на образованието во неразвиените подрачја на регионално и на глобално ниво, односно, зголемувањето на писменоста во селските подрачја. Во изминативе години преку голем број на проекти од странство дојде до подобрување на животните услови на милиони луѓе, преку образовни проекти, преку финансирање на системи за наводнување, давање пари за лекови за борба против СИДА и најразлични болести и друго. Со што се постигнува висок резултат во социјалната еднаквост и заштита на земјите на кои тоа најмногу им е потребно.[35]

Според одредени автори спрема глобализацијата постоел голем отпор 30 години по крајот на Втората светска војна. Денес, таа состојба има обратен правец при што фокусот на вниманието е насочен кон земјите во развој.[36]

Како најзначајни позитивни ефекти на глобализацијата можеме да ги посочиме следниве:

1. Глобализацијата ги поврзува националните економии во глобална меѓузависна мрежа.

---

[33] Stephen J. Rosow, Globalization as Democratic Theory, Journal of International Studies, Vol. 29, No. 1, 2002, pp. 27-45.
[34]Зоран Нацев, „Предизвиците на глобализацијата и безбедносните импликации“, „Годишен зборник“, Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 493.
[35] Исто, стр. 493.
[36] Stephen J. Rosow, Globalization as Democratic Theory, Journal of International Studies, Vol. 29, No. 1, 2002, pp. 27-45.

2. Овозможува општ напредок, го зголемува животниот стандард и придонесува за пораст на демократските процеси.
3. Ја намалува сиромаштијата, ја подобрува здравствената заштита и образованието и овозможува достапност до основните услуги.
4. Го подобрува квалитетот на живот, го поддржува напредокот на индивидуата и слободата, и покрај тоа го намалува ризикот од ширење тероризам и насилство.
5. Таа е катализатор за универзализација на човековите права и слободи.
6. Доведува до намалување на тензиите и појавата на судири и конфликти преку зајакнување на меѓукултурните врски и разбирања помеѓу народите.
7. Придонесува за зближување на народите и влијае врз унапредувањето на глобалната безбедност и мир.
8. Глобализацијата создава амбиент на заедништво и води кон споделување на одговорноста и обврските на земјите во нивниот придонес за решавање на проблемите поврзани со безбедноста, климатските промени и пандемиите.[37]

Таа даде дополнителен импулс во поттикнувањето на глобалната идеја за цивилно општество во функција на развој на демократијата и на изнаоѓањето на модалитети за поголема социјална правда.

## 1.4 Негативни ефекти на глобализацијата

Процесот на глобализација покажува дека како секоја појава има и недостатоци кои претставуваат проблем или закана за одредени народи и држави.

Еден од негативните аспекти на глобализацијата е тоа што поединечни земји низ призмата на капиталистичкиот модел промовираат создавање универзални вредности и стандарди, односно промовираат ставови и желби за глобално владеење.[38]

---

[37]Зоран Нацев, „Предизвиците на глобализацијата и безбедносните импликации“, „Годишен зборник“, Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 494.
[38] Исто, стр. 44.

Голем број на луѓе не се согласуваат со концептот на глобализацијата. Дел од нив тоа јавно го манифестираа уште во Сиетл, САД во 1999 година по повод состанокот на Светската трговска организација. Потоа протестите и против глобализацијата зачестија особено кога се одржуваа состаноците на Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, групата на седум најразвиени земји и др.[39]

Оттука се јавуваат прашањата, дали постои страв дека глобализацијата ќе предизвика енормно богатење на веќе богатите поединци наспроти осиромашување на најголем дел од светското население? Дали постои ризик од зголемување на општата небезбедност и социјалната несигурност? Дали владее страв помеѓу луѓето дека постои можност од уништување на нивните традиционални вредности, културата и нивната животна средина? [40]

*Слика бр. 3 - Негативни ефекти од процесот на глобализација.*




Главната идеја зад глобализацијата преточена преку поголемите меѓународни организации е сиромашните земји да станат силни и просперитетни. Но, во реалноста се случува спротивното наместо развој и просперитет, тие ги ставаат во долгови и се обидуваат да имаат контрола над нивната влада.

[39]Зоран Нацев, „Предизвиците на глобализацијата и безбедносните импликации", „Годишен зборник", Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 494.
[40]Исто.

Со отворањето на новите хоризонти на слобода, демократија и прогрес во светот таа го зголеми јазот помеѓу богатите и сиромашните, општата небезбедност и социјална несигурност, разурнување на традиционалните вредности, уништување на животната средина и интернационализација на одредени опасности како што се меѓународниот тероризам, организираниот криминал, вооружените конфликти, илегална миграција, илегална трговија со дрога, луѓе и оружје, зголемена опасност од употреба на оружје за масовно уништување и друго. Што значи дека глобализацијата светот не го прави побезбеден туку нестабилен и опасен.[41]

Негативните ефекти ги погаѓаат не само послабите земји и земјите во развој туку и развиените земји. Некои негативни последици од глобализацијата вклучуваат тероризам, несигурност на работните места, валутни флуктуации и нестабилност на цените. Тоа е значаен проблем во повеќето развиени земји. Нестабилноста на цените е значаен ефект на глобализацијата врз бизнисот. Некои луѓе основаат индустрии во странство каде што добиваат евтини суровини и работна сила. Тие можат да ги намалат трошоците за производство и да ги продаваат своите производи по ниска цена.[42]

Како позначајни негативни ефекти на глобализацијата можеме да ги истакнеме следниве:

1. Нееднаков економски раст. Тенденцијата на глобализацијата е да го зголеми економскиот раст за многу земји, меѓутоа, растот не е еднаков – побогатите земји често имаат поголема корист за разлика од земјите во развој.
2. Недостаток на локални бизниси. Тука спаѓаат политиките кои дозволуваат, односно имаат тенденција да им дадат предност на компаниите кои имаат ресурси и инфраструктура за да управуваат со нивните синџири на снабдување или дистрибуција во многу различни земји.

---

[41] Зенделовски Горан. и Нацев Зоран, Глобализацијата, мирот и безбедоста, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр. 44.
[42](Positive and negative effects of globalization) https://edusson.com/positive-and-negative-effects-of-globalization,

3. Ги зголемува потенцијалните глобални рецесии. Односно, кога економските системи на многу нации ќе станат меѓусебно зависни, веројатноста за глобална рецесија драстично се зголемува – затоа што ако економијата на една земја почне да се бори, ова може да предизвика верижна реакција што може да влијае на многу други земји истовремено, предизвикувајќи светска финансиска криза.
4. Глобализацијата им овозможува на бизнисите да ги зголемат работните места и економските можности во земјите во развој, каде што цената на работната сила е често поевтина.
5. Глобализацијата предизвикува преместување на работните места. Односно, таа резултира со зголемен број на работни места. Напротив, ги редистрибуира работните места со преместување на производството од земји со висока цена во земји со пониска цена. Ова значи дека земјите со високи трошоци често губат работни места поради глобализацијата, бидејќи производството оди во странство.[43]

Општо земено, негативните аспекти на глобализацијата придонесоа за осиромашување на најголем дел од светската популација, зголемување на социјалната несигурност и општата небезбедност, односно, нерамномерно дистрибуирање на предностите. Во интерес на богатите земји, а на сметка и штета на сиромашните земји и земјите во развој дојде до ситуација на дехуманизација до оттуѓување и експлоатација на човечките и природните ресурси. Со оглед на доминантните цивилизациски разлики кои постојат во светот и неможноста да се изедначат или урамнотежат општествените, социјалните и другите разлики ќе предизвикаат проблеми и кризи кои ќе бидат главна закана за светската безбедност. Ваквите аномалии произлегуваат како резултат од самиот тек на глобализацијата која произведува контрадикторности кои не можат да се сопрат. Германскиот социолог и еден од најцитираните општествени научници Улрих Бек сметал дека новата глобалност не би можела да биде заменета.

---

[43] (How Globalization Works: Pros and Cons of Globalization) https://www.masterclass.com/articles/how-globalization-works-pros-and-cons-of-globalization,

Тоа што ја прави глобалноста незаменлива се следниве причини:

1. Географската експанзија и зголемената густина на меѓународната трговија и глобалната вмреженост на финансиските пазари и порастот на моќта на транснационалните компании.
2. Информациската револуција и комуникациската технологија.
3. Универзалната побарувачка на човекови права – демократски принцип.
4. Промовирање на глобалната културна индустрија.
5. Опасноста од растењето на моќта на постнационалните, полицентрични светски политики во кои транснационалните учесници растат паралелно со владите.
6. Светска сиромаштија.
7. Глобално уништување на животната средина.
8. Транснационалните конфликти на едно исто место.[44]

Истражувањето на негативните ефекти од глобализациските процеси е тесно поврзано со анализирање и давање одговори на прашањето дали глобализацијата може да ги задоволи афинитетите на осум милијарди луѓе на планетава, големиот број на организации, институции и групи и повеќе од 200 држави во светот? Дали заедничките аспирации за подобра економска благосостојба, стабилна безбедност и зачувување на идентитетот би можело да поминат бесконфликтно? Компонентите на глобализацијата кои се однесуваат на економијата, безбедноста и мирот и идентитетот варираат многу широко и се специфични за определување, па така, се јавуваат огромни разлики во гледиштата од едни до други субјекти на меѓународната сцена. Оттука, може да се забележат тешкотиите да се обединат актерите околу овие аспекти, а врз чија основа се јавува простор од кој може да произлезат национални, регионални и глобални конфликти.[45]

---

[44] Henry Kissinger, „Treba li Amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece, Golden Marketing, Zagreb, 2003.
[45] Улрих Бек, „Што е глобализацијата?", превод Тера Магика, Скопје, 1997.

# II. ГЛАВА: ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И МЕЃУНАРОДНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 2.1 Безбедносни импликации од процесите на глобализација

Доколку се потрудиме да дадеме одговор на прашањето дали глобализацијата поттикнува благосостојба и просперитет или хаос и неред, односно дали води кон стабилност или кон несигурност, мир или војна, развој или беда, до одговорот би дошле преку потешкотии и сложености. Но, гледајќи од безбедносен аспект ќе дојдеме до заклучок дека комплексноста произлегува оттаму што во изминатиов период малку внимание се посветувало на релациите и односите помеѓу глобализацијата и безбедноста. Меѓутоа, терористичките настани што се случија во САД од 11 септември 2001 година придонесоа да се промени таквата ситуација, па така, се дојде до потреба за подетално скенирање и анализирање на таквиот однос од повеќе аспекти.[46]

Процесот на глобализација чиј поттикнувачи и носители се големите сили и нивните геостратешки и геополитички позиционирања продуцираат голем број на безбедносни импликации кои оставаат траги и нестабилност не само во послабите земји и земјите во развој туку и во развиените земји. Стратешките определби на големите сили кои изобилуваат со двојни стандарди, оставаат последици на национално, регионално и глобално ниво.

Процесите на глобализација предизвикуваат и поттикнуваат одредени безбедносни импликации од коишто речиси и не постои држава или општество кое не е зафатено од импликациите како редукција на улогата на државата наспроти недржавните актери, влијание врз балансот на моќ помеѓу државите (преферирајќи едни повеќе од други), генерирање нови форми и облици на конфликти, судири и насилство и зголемени причини за појава на небезбедност и зголемена појава на нови безбедносни закани и ризици на транснационално ниво.[47]

---

[46]Jose Manuel Barroso, “Europe and the challenges of globalization”, President of the European Commission, Speech given at St Antony’s College , Oxford, 11 October 2007.
[47]Jose Manuel Barroso, “Europe and the challenges of globalization”, President of the European Commission, Speech given at St Antony’s College , Oxford, 11 October 2007

Одредени автори релацијата глобализација – безбедност ја разгледуваат на три различни нивоа:

- *Системска безбедност* која се однесува на меѓународниот систем кој треба да гарантира повеќе безбедност и сигурност за луѓето и државите. Се однесува на желбата дека сите сакаат да живеат и да бидат дел од безбеден и стабилен светски поредок, кој треба да овозможи поголем и попристапен проток на трговија, инвестиции и туризам, а ќе придонесе за редуцирање или елиминирање на заканите од војна или некој друг вид закани и ризици.
- *Безбедноста на државата* претставена како дел од меѓународниот систем и која алудира на опстанокот на државата, чија безбедност ја детерминираат различни закани кои паралелно доаѓаат однатре и однадвор.
- *Социеталната безбедност,* а се однесува на физичката безбедност на луѓето и нивната социјална и персонална димензија во смисла на она што тие треба да го заштитат, на пример заштита на семејството, заедницата, просперитетот, начин на живеење и друго. Со ова треба да се обзнае дека луѓето не посакуваат само да бидат заштитени од војна или терористички напад, туку да имаат економска сигурност, стабилен политички систем, опасност од граѓанска војна, еколошка катастрофа и друго.

Врз основа на ваквите промени се јавиле различни пристапи и концепти за остварување на мирот и безбедноста. Па, како такви познати се следниве. Во извештајот на поранешниот генерален секретар на Обединетите нации Кофи Анан од 2004 бил употребен терминот *„сеопфатна колективна безбедност“* кој се однесувал на тоа дека за заканите не постои никаква граница и дека тие денес во однос на минатото биле заемно поврзани, па според тоа заканата за еден претставувала закана за сите без разлика на моќта на државата. Овој концепт упатува на интегрирање на сите актери на меѓународната сцена сè со цел полесен пристап кон соочувањето со глобалните закани по меѓународната

безбедност, што подразбира поголемо вклучување на економски и социјални методи при јакнење на безбедноста.[48]

Во рамките на НАТО-алијансата можеме да го сретнеме терминот *„кооперативна безбедност“* кој означува градење безбедност преку партнерство и соработка помеѓу земјите и меѓународните организации од кои се очекува преку заедничко дејствување да придонесат за унапредување на меѓународната безбедност и стабилност.[49]

Ваквите видови концепти за безбедност го актуелизираа терминот за *„конкурентска безбедност“* кој се однесува на натпреварот на државите кои се борат да постигнат повисок степен на безбедност за себе во однос на другите земји. Во денешно време, на современи процеси на глобализација таквите натпревари се последица од динамичните пазари и недостатокот на енергетски ресурси кои лесно можат да прераснат во жесток конфликт помеѓу високоразвиените земји или помеѓу развиените земји и земјите во развој.[50]

Според тоа, можеме да заклучиме дека глобализацијата не дава никакви гаранции дека ќе завладее мир, слобода, просперитет и демократија. Покрај најразните интеграциски процеси паралелно следат и силите на антагонизам, национализам, културен диверзитет и поттик на економска нееднаквост.[51]

Терористичките напади од 2001 година ги разнишаа видувањата дека светот навлегува во мир и стабилност. Како резултат на незадоволство од неправдите, социјалната исклученост и маргинализираност низ цел свет се зголеми бројот на терористички напади во изминатите децении. Принципите на демократија, колективна безбедност и самоопределување на државите се заменија со глобалната војна против тероризмот. Таквата димензија од страна на западните земји беше етикетирана како војна на Западот против исламот или војна на демократските земји против недемократските. За голем дел глобализацијата создаде нови безбедносни ризици и ќе претставува еден вид на

---

[48] (A more secure world) Our shared responsibility, United Nations, 2004, p14. https://www.un.org/peacebuilding/sites/www.un.org.peacebuilding/files/documents/hlp_more_secure_world.pdf

[49] NATO, Strategic Concept For the Defence and Security of The Members of the North Atlantic Treaty Organisation, Lisbon, November 2010, https://www.nato.int/lisbon2010/strategic-concept-2010-eng.pdf

[50] Jose Manuel Barroso, “Europe and the challenges of globalization”, President of the European Commission, Speech given at St Antony’s College , Oxford, 11 October 2007

[51] Stanley Hoffman, Clash of globalizations, Foreign Affairs Vol.81 No.4 July/August 2002.

катализатор којшто ќе ги принуди земјите и меѓународните организации да преземат одредени интервенции.[52]

Според Стенли Хофман постои веројатност светот да се соочи со нова верзија на судири на различни глобализациски процеси, што би требало да претставува судир меѓу спротивставеностите на западниот модернизам и реакциите против него.[53]Се смета дека небезбедноста и ранливоста ќе бидат во постојан пораст поради порастот на бројот на индивидуалци и групи. Ваквиот тип на нови недржавни актери се срјжта на глобалната небезбедност, вршат дестабилизација преку неконтролирано управување со процесите, ја нарушуваат кохезијата на глобалното општество и ги истакнуваат сопствените макијавелистички ставови преку презир на меѓународната институционална легитимност.[54]

## 2.2 Безбедносни придобивки од процесите на глобализација

Покрај безбедносните импликации глобализацијата продуцира и придобивки и бенефити кои одат во прилог на безбедноста. Придобивки од сферата на демократијата, економијата и слободната трговија и нивното влијание врз меѓународните односи и мирот.[55] Просперитетот, слободната трговија и демократизацијата претставуваат дифузија на безбедносните придобивки од процесите на глобализација.

Прво, економската глобализација преку слободата на трговија води кон просперитет, економски развој и благосостојба.

Второ, меѓузависноста помеѓу земјите и народите во повеќе сфери придонесува кон намалување на насилствата и конфликтите бидејќи ги принудува кон споделување и градење заеднички вредности. Придобивките вклучуваат подобро опслужување на клиентите по пониски цени, но и побрз

[52] Richard Kugler and Ellen Frost, The Global Century, Globalization and National Security, Institute for national strategic studies, National defense university, Washington D.C., 2001, page 35.
[53] Stanley Hoffman, Clash of globalizations, Foreign Affairs Vol.81 No.4 July/August 2002.
[54]Попович Т.Г., Криза Глобализације, Бесејда, Бања Лука, 2003, стр.48.
[55](The Diffusion of Prosperity and Peace by Globalization) https://www.independent.org/pdf/tir/tir_09_2_1_weede.pdf,

раст на вкупната продуктивност на факторите. Придобивките од слободната трговија, сепак, имаат тенденција да бидат широко распространети.

Трето, глобализацијата придонесува за појава на нови актери на меѓународната сцена и на тој начин го промовира мултиполарниот светски поредок и овозможува преземање мултиполарни активности за справување со глобалните проблеми.

Четврто, глобализацијата придонесува за создавање глобално општество и граѓанин на светот, концепт преку кој се овозможува зближување и воспоставување силни врски меѓу поединците, институциите и народите.[56]

Ерик Веде како претставник на квантитативните пристапи и студии забележува дека ниту реалистичкото теоретизирање на меѓудржавната политика ниту критичките третмани на глобализацијата не признаваат дека постои силна и корисна врска помеѓу глобализацијата и избегнувањето на војните. Според него економските придобивки на глобализацијата и слободната трговија се многу помалку важни од меѓународните безбедносни придобивки.[57]

Според Улрих Бек со транснационалното ниво на соработка ќе се придонесе до степен на позитивни резултати, бидејќи глобалните алијанси имаат за цел да ја штитат меѓународната безбедност, а не само националната безбедност. Националната безбедност добива форма на транснационална кооперативност бидејќи е зависна од соработката и споделувањето на обврските од повеќе сфери како што се организиран криминал, имиграциите, па сè до проблемите на глобалното затоплување. Што би значело дека внатрешната, економската безбедност, и одбранбената политика на Авганистан и на Русија можат да бидат важни за внатрешната безбедност на Обединетото Кралство и на САД.[58]

Врз основа на тоа сè почесто ќе гледаме случаи во кои граѓаните на една држава ќе одлучуваат за судбината на граѓаните на друга држава. Или, граѓаните на САД да плаќаат давачки за конфликтите помеѓу Украина и Русија

[56]Зенделовски Горан и Нацев Зоран, Глобализацијата, мирот и безбедоста, Филозофски факултет, Скопје 2014, стр.215.
[57] Erich Weede, The Diffusion of Prosperity and Peace by Globalization, The inddependent rewiev, Vol IX, No.2, 2004, page 170. Или https://www.independent.org/pdf/tir/tir_09_2_1_weede.pdf
[58] Beck Ulrich, The fight for a cosmopolitian future, New Statesman Nov 5, 2001, page 34.

и помеѓу Израел и Палестина. Безбедноста во 21 век ќе се перципира во зависност од приоритетите и во кој контекст се појавува. Имено граѓаните на Уганда и Танзанија не ги интересира опасноста од климатските промени како што граѓаните на САД и Канада не ги интересираат болестите во Африка.[59]

Оттука, сметаме дека глобализациските процеси претендираат кон хомогеност и универзалност на општествата и солидарност помеѓу народите без разлика за која земја станува збор и со кои закани и опасности таа се соочува. Од воннационалните ангажмани и соработка на различни меѓународни актери на некои народи и држави ќе им зависи нивниот опстанок. Што значи дека сè повеќе безбедноста на одредена држава ќе се остварува на сметка на други држави и субјекти. Па така, државите ќе бидат присилени да ги жртвуваат своите легитимни национални интереси за сметка на други народи и држави што е спротивно од класичниот концепт на национална безбедност од времето на Студената војна.[60]

Глобализацијата претставува предизвик за целиот свет, таа може да биде сила во интерес на општото добро на сите. Голем број на луѓе во светот не ги чувствуваат благодетите на глобализацијата бидејќи најголем дел од нив дојдоа до уште потешка ситуација. Глобализацијата остава бројни последици кои тешко се следат и регулираат бидејќи се работи за сосема нови процеси кои тешко се препознаваат како опасности. Поголем број експерти глобализацијата ја препознаваат како основен виновник за поткопување на демократските придобивки, слабеењето на државата, социјалната поларизација, просторната сеграгација, глобалниот апархејд, еколошкото загадување и деградирање на животната средина и др.[61]

### 2.3 Поим и дефинирање на меѓународната безбедност

Проблематиката на меѓународната безбедност е постојана преокупација за аналитичарите и за јавноста. Општо прифатено е стојалиштето дека меѓународната безбедност е гранка на меѓународните односи. Голем број автори укажуваат на тоа дека безбедносната материја отсекогаш го имала

---

[59]Исто.

[60]S. Tatalovic A. Grizold V. Cvrtila, Suvremene sigurnosne politike drzave I nacionalna sigurnost pocetkom 21 soljeca, Golden marketing – Tehnicka kniga, Zagreb, 2008, str. 9.

[61]Зоран Нацев, „Годишен зборник“, Филозофски факулт ет, Скопје, 2021, стр. 495.

централното место во изучувањето на меѓународните односи. При појавувањето на потребата за легетимирање и означување на доменот на меѓународната безбедност научните дисциплини инсистирале на свој посебен предмет на истражување. Традиционалните сфаќања на оваа дисциплина тргнуваат од поделбата на она што припаѓа на внатрешното, односно националното и она што припаѓа на надворешното, односно меѓународното. Па така, почнувајќи од оваа поделба меѓународната политика се сфаќа како стратегиска сфера во која се одвиваат интеракциите на суверените држави.  Оттука, се јавува потреба за постоење посебна научна дисциплина која ќе ја изучува надворешната сфера. Разбирањето на меѓународната безбедност и пронаоѓањето начин за решавање на меѓународните проблеми самото по себе претставува продлабочен пристап.[62]

Поимот на меѓународна безбедност не може да го одмине значењето на поимот безбедност во меѓународните односи. Историски гледано, забележително е поместувањето на фокусот од концептот на национална кон меѓународна безбедност. Концептот на националната безбедност главно бил фокусиран на развојот на политики и средства кои ѝ овозможуваат на државата да ја зајакне својата воена безбедност без разлика дали самостојно или со членство во воен сојуз.[63]

Меѓународната безбедност можеме да ја дефинираме како „состојба на слобода и правда на глобално ниво, во која сите членки на меѓународната заедница и сите поединци се чувствуваат безбедно и сигурно, состојба во која постојат изградени ефикасни механизми за заштита на националните држави од сите облици на загрозување и загрозување на нивната национална безбедност“.[64]

Без оглед на теориската гледна точка во безбедносната анализа како клучни нужно е да се постават следниве прашања, кои и суштински го детерминираат дискурсот и решенијата на безбедносните проблеми: безбедност за кого; безбедност со какви средства и безбедност по која цена.

---

[62]Билјана Ванковска, Меѓународна безбедност критички пристап, Филозофски факултет – Скопје, 2011, стр. 10.
[63]Исто, стр. 13.
[64]Марјан Ѓуровски, „Основи на безбедност - концепциски безбедносни пристапи“, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија Универзитет „Св. Климет Охридски“ – Битола, Скопје 2021, стр. 136.

Според Валештајн и Асберг следниве елементи се клучни за нивно детерминирање: суштински вредности кои се однесуваат на аспектите на она што сакаме да го обезбедиме; заканите се оние кои ни покажуваат на какви предизвици се изложени вредностите; средствата и способностите за справување со заканите, односно ресурсите и актерите кои можат да се справат со заканите и да ја гарантираат безбедноста.[65]

Генерално земено постојат два актера кои можат да генерираат безбедност тоа се државата и меѓународниот систем. Оваа поделба дополнително може да се подели на уште пет безбедносни категории како што се: меѓународниот систем, меѓународните потсистеми се однесува на региони, единици, односно држави, поддржави или субдржавни ентитети и поединците.[66]

Најчесто под меѓународна безбедност повеќе се подразбира пристап кон анализа на безбедносните состојби, интереси, процеси, закани кои го надминуваат националното и регионалното ниво на безбедност.[67]

Под влијание на големото растење и ширење на глобализацијата, често наидуваме на изразот глобална безбедност како синоним на меѓународната безбедност. Овој термин доминира во американската научна заедница и американските универзитети. Карактеристично за овој термин, односно синоним на меѓународната безбедност е тоа што значењето на глобалната безбедност е гледано низ самоперцепцијата односно низ призмата на единствениот глобален актер, Соединетите Американски Држави.[68]

Покрај синонимот на глобална безбедност можеме да го сретнеме и терминот светска безбедност кој е најмалку употребуван термин, но неговата идеја е најпредизвикувачка од практичен и научен аспект. Како поизразен застапник на овој термин се смета Кен Бут кој акцент става на светот како единствен ентитет, односно станува збор за недоволно развиен концепт кој се темели на поделбата на светот, односно познаваме развиен и неразвиен свет,

---

[65]Билјана Ванковска, Меѓународна безбедност критички пристап, Филозофски факултет – Скопје, 2011, стр. 15.
[66]Исто. стр. 18.
[67]Исто. стр. 21.
[68] Kolodziej E., Security and International Relations, Cambridge University Press, Cambridge, 2005.

светски центри и периферија, Исток и Запад, земји од Прв, Втор и Трет Свет, Север и Југ и така натаму.[69]

Меѓународната безбедност не претставува збир на националните безбедности, туку подразбира присвојување на одредени вредности како во меѓународните односи така и во односите на самата држава. Односно, таа претставува збир на мерки кои го обезбедуваат опстанокот на државите. Според некои автори во современиот свет егзистираат четири главни елементи кои значително ја ограничуваат војската и стратегијата за рамнотежа на моќта како традиционално средство на успешната и потврдена безбедносна политика на државата. Ваквиот безбедносен феномен е окарактеризиран со:

1. јакнење на трговската зависност помеѓу државите, јакнење на потребите за зголемување на способностите за воспоставување поефикасни комуникации помеѓу државите;
2. процеси на урбанизам и модернизација кои го поттикнуваат преносот на моќта од државната управа во приватниот сектор;
3. зголемување на моќта на останатите земји преку ширењето на воената технологија;
4. решавање на прашањата и соработките на државите преку нивно актуелизирање и промени во редоследот.

Денес во современата меѓународна заедница разрешувањето на голем број економски, еколошки и развојни прашања ја наметнува неопходноста за потребната соработка помеѓу државите сè со цел стекнување заедничка корист. Меѓународната безбедност првенствено треба да се заснова врз соработка помеѓу државите, општествените групи, организации и поединци.[70]

Различни автори преку нивните теоретски стојалишта нудат најразлични анализи, пристапи и решенија. Односно, тоа означува дека меѓународната безбедност е теоретизирана од призмата на неореалистите, либералистите, конструктивистите, истражувачите на мирот и други. Сите тие детерминираат и

---

[69] Volc, Kenet, Teorija međunarodne politike, Centar za civilno-vojne odnose: Alexandria Press, Beograd, 2007.

[70]Митко Котовчески, Национална Безбедност, Филозофски факултет – Скопје, Бомат Графикс, Скопје 2013, стр. 49-51.

истакнуваат различни безбедносни прашања и за истите проблеми нудат различни решенија.[71]

Во денешно време се соочуваме со широк опсег на различни безбедносни прашања и дилеми. Тоа се темели врз основа на големата и длабока безбедносна агенда која постојано еволуира и се редефинира. Во ваква ситуација се соочуваме со потешкотии во утврдувањето на границите на одредени прашања кога и зошто тие се сметаат за безбедносни и каква е нивната природа. Тука влегуваат високотехнолошки и технички софистицирани прашања од видот на сајбер безбедноста, енергетската или еколошката безбедност што претпоставува поинаков пристап.[72]

## 2.4 Концептот на безбедносна дилема

Безбедносна дилема е термин кој се однесува на дефанзивните акции и градење сопствени капацитети од страна на една држава што може погрешно да се протолкуваат како агресивни намери од страна на другите држави. Со цел државите да ја осигурат својата безбедност од надворешни напади тие се поттикнати да акумулираат повеќе моќ за да го избегнат влијанието на моќта на другите држави. Бидејќи ниту една држава не се чувствува потполно безбедно во таков свет на конкурентни субјекти, натпреварувањето со моќ продолжува, акумулирајќи го неправилниот круг од безбедност и моќ.[73]

Според Кен Бут и Николас Вилер траги на безбедносната дилема можат да се најдат уште во античко време. Сфаќањето на овој концепт лежи во најважните прашања со кои се занимаваат безбедносните студии и се смета дека со своето значење ги надминува традиционалните концепти како што се војната и конфликтот. Па така, се верува дека меѓународната безбедност во 21 век зависи од разбирањето на логиката и динамиката на безбедносната дилема.

Воведот во овој термин е поврзан со американскиот политиколог Џон Херц во 1950 година. Во тој период сличен став на Џон Херц имал и

[71] Билјана Ванковска, Меѓународна безбедност критички пристап, Филозофски факултет – Скопје, 2011, стр. 30.
[72] Исто, стр. 30-31.
[73] Исто.

британскиот историчар Батерфилд кој упатувал на постоење страв од војна кој ги принудува државите кон меѓународна егзистенција. Таквиот страв ги тера државите постојано да вложуваат во безбедноста на државата. Па така, оние држави кои имаат чувства на загрозеност таквите дејствија ги нарекуваат како нужност кон остварување на нивната безбедност, додека пак оние држави коишто првично презеле мерки за јакнење на нивните безбедносни способности се наоѓаат во парадоксална ситуација бидејќи нивната безбедност не само што не е зголемена, туку е намалена од реакциите на другите држави. Според Херц, причината за појава на безбедносна дилема лежи во анархичните дејствувања на државите. Тој наведува излезот од ваквата ситуација може да се оствари преку воведување на политика на свесна рамнотежа на моќта во контекст на колективната безбедност.[74]

Безбедносната дилема се смета како централен концепт во разбирањето на меѓународната безбедност и има директна поврзаност со состојбата на меѓународната анархија.[75]

Теоретски и практично, овој концепт бил занемарен две децении сè до негово актуелизирање во 1970 година од страна на теоретичарот Роберт Џарвис, кој ставил акцент на субјективната природа на безбедноста, односно, тој сметал дека државите субјективно можат да пристапат кон прашањата кои се поврзани со тоа колкава безбедност им е потребна за да имаат чувство на безбедност. Авторот прави разлика меѓу два модела на однесување на државите, спирален и модел на одвраќање. Во основата на спиралниот модел на безбедносната дилема ја смета за трагедија бидејќи актерите имаат бенигни намери. Додека, пак во моделот на одвраќање нема безбедносна дилема затоа што државите имаат малигни намери, односно тие го прават она за коешто сметаат дека е најдобро за нив во дадената ситуација.

Според конструктивистите, безбедносната дилема претставува општествена дилема која е составена од сфаќања во кои државите се недоверливи и се подготвуваат за најлошото. Кај оваа група теоретичари најистакнат е Венд, тој тврди дека реалистите се фокусираат на материјалните услови и меѓународна анархија како суштински за постоењето на безбедносната

[74]Ванковска Билјана, Меѓународна безбедност: Критички пристап, Филозофски факултет, Скопје, 2011, стр. 45.
[75]Исто, стр. 44.

дилема, додека пак кај конструктивистите се смета дека таа зависи од заемните интеракции помеѓу државите. Односно, тој истакнува дека однесувањето на државите не зависи само од структурата на меѓународниот систем, туку зависи од споделените идеи за себе и за другиот кои ја сочинуваат политичката култура на меѓународниот систем. Венд тврди дека постојат три вида културна анархија, и тоа: хопсијанска анархија, која се однесува на перцепцијата на државите како непријатели; локеанска анархија, која укажува на тоа дека државите имаат предиспозиција да го почитуваат правото на живот, слободата и сопственоста на другите држави; кантијанска анархија, која укажува на вечен мир помеѓу државите. Претставниците на либералната школа најмалку придонесуваат за концептот на безбедносната дилема бидејќи претпоставуваат дека институционализацијата во меѓународните односи ќе придонесе кон автоматско исчезнување на безбедносната дилема.

Теоретските критичари Бут и Вилер во нивното заедничко дело „безбедносна дилема“ фокусот го ставаат на неизвесноста. Како предизвикувачи на ваквата состојба ги означуваат материјалните и психолошките феномени. Материјалниот феномен акцентот го става на оружјето, односно укажува на невозможноста да се направи дистинкција помеѓу дефанзивно и офанзивно оружје. Додека пак психолошкиот феномен укажува на неможноста на водачите на едната држава да ги разберат мотивите, стравот и намерите на водачите на другата држава.[76] Намерата и способноста на еден актер да ги земе предвид и да ги перципира мотивите кои стојат зад воените намери на другите како и нивниот потенцијал ја означува сензибилноста на безбедносната дилема.

Авторите Кен Бут и Николас Вилер детерминирале три логики на безбедносната дилема од кои произлегуваат три форми на однесување во меѓународната политика, а тие се:

1. *Логика на фаталистите*, тие сметаат дека безбедносниот натпревар е неизбежна карактеристика во меѓународната политика. Според нив човештвото е осудено да живее во конфликтен свет, а сето тоа врз основа

[76]J. David Singer, “The Level-of-Analysis Problem in International Relations”, op. cit.; Izuzetak od ovoga bi bili javni službenici kojima Rozenau posvećuje pažnju: James N. Rosenau, People Count! Networked Individuals in Global Politics, op. cit., page. 92-96.

на човековата природа и меѓународната анархија. Главни застапници на ваквите гледишта се таканаречените офанзивни реалисти.

2. *Логика на умерените*, ни означува дека до ублажување на натпреварот меѓу државите може да се дојде преку воспоставување меѓународен режим или меѓународно општество. Под поимот безбедносен режим се подразбираат принципите, правилата и нормите кои им овозможуваат на државите да бидат воздржани во своето однесување. Според ваквиот концепт се подразбира дека при соработка ќе се дојде до надминување на краткорочните себични интереси. Во првиот случај, односно во логиката на фаталистите фокусот е ставен на безбедноста наспроти другите, додека пак во логиката на умерените фокусот е ставен на безбедност заедно со другите.
3. *Логиката на трансцендерите* е дека човечкото општество е резултат на напорите на луѓето. Односно, моќта на луѓето да дејствуваат поединечно и во групи, и покрај ограничувањата кои се рефлектираат од меѓународната структура, тие можат да направат избор и да изградат свет каков што им одговара. Тие сметаат дека можна е светска заедница на мир и заемна доверба. Нивната најголема слабост се состои во тоа што секое гледиште изворот на небезбедност го сведува на една главна причина на пример анархијата, капитализмот и други.[77]

Роберт Џервис констатирал дека безбедносната дилема е состојба во која постапките со кои едни држави се обидуваат да ја зголемат сопствената безбедност ја намалуваат безбедноста на другите. Тој тврди дека постоењето на безбедносната дилема, подразбира состојба во која дури и кога државите се вооружуваат за самоодбрана тие со самото тоа ја намалуваат безбедноста на своите соседи со поместување на рамнотежата на моќ на своја страна. Според тоа, државите во соседството, па и останатите држави се принудени поради чувството на загрозеност да ја зголемат сопствената моќ со цел повторно воспоставување на рамнотежата.

Теоретичарите безбедносната дилема повеќе ја сметаат за трагедија на меѓународните односи отколку зло, бидејќи до војна и конфликти не се доаѓа затоа што државите тоа го сакаат или дека се воинствени, туку дека се ставени

[77]James N. Rosenau, People Count! Networked Individuals in Global Politics, op. cit., page. 63-66,

во тешка ситуација. Воведување и градење мерки на доверба и транспарентност помеѓу државите ќе претставува еден вид одговор на безбедносната дилема. Во 21 век разбирањето на безбедносната дилема добива на значење, и се приближува до точка која ќе наложи преиспитување за натамошната егзистенција. Светот се соочува со голема опасност бидејќи се доаѓа до комбинација на старите и новите безбедносни закани како што се тероризам, пролиферација на нуклеарно оружје, климатски промени, масовна миграција, пораст на светската популација, натпревар за ресурси и пораст на јазот помеѓу богатите и сиромашните.[78]

[78]Job Brian, Insecurity Dilemma: National, Regime and State Securities in the Third World, Boulder, 1992, стр. 12.

# III. ГЛАВА: СТРАТЕШКО РИВАЛСТВО ВО 21 ВЕК

## 3.1 Определување на стратешкото ривалство

Ривалството меѓу големите сили, предизвикано од промената на рамнотежата на силите се интензивира со динамиката на безбедносната дилема, при што обидите на една држава да ја зајакне својата безбедност се перципира како стратешка недоверба од другите држави, стимулирајќи негативна спирала на влошување на односите кои водат до безбедносни тензии, трка во вооружување и воени конфликти.

Новата ера на конкуренција и ривалство на големите сили се врати во центарот на глобалната сцена. Ривалството меѓу големите сили како што се САД, НР Кина, Русија и Индија вклучува стратешка конкуренција со целосен спектар за богатство за моќ и влијание, на глобално ниво. Се одликува со конкурентни идеали и модели за политичко управување и економски развој, заедно со конкурентни ставови за структурата и правилата на светскиот поредок. Секоја страна е решена да ја максимизира својата глобална позиција и слобода на дејствување во однос на другата страна. [79]

Можеби најадекватно е да се каже дека иако во тек е генерализиран степен на конкуренција, Соединетите Држави се вклучени во класично ривалство со Русија и со Кина. Тие ривалства сè уште не се целосно милитаризирани. Значаен елемент на двете ривалства е тоа што Русија и Кина користат повеќе алатки за да се вклучат во тековната стратешка кампања без војна за да ги остварат своите интереси. Сепак, ривалствата можат да имаат многу форми, и тој заклучок поставува повеќе прашања за вистинската природа на прашања кои помагаат да се дефинира вистинскиот карактер на секое геополитичко ривалство. Во однос на разбирање на карактерот на ривалството познаваме пет клучни прашања, и тоа:

Првото прашање е што е најважно во ривалството? Некои историски ривалства се однесуваат на територијални (или просторни) фактори, како што е

[79]Zhao, S. (2022). The US-China rivalry in the emerging bipolar world: Hostility, alignment, and power balance. Journal of Contemporary China, 31(134), 169-185.https://www.tandfonline.com /doi/full/10.1080/10670564.2021.1945733

доминацијата на континентална копнена маса. На пример, британско-француското или француско-германското ривалство за хегемонија во Европа. Други, пак, беа главно за идеолошко влијание: американско-советското ривалство во Студената војна беше борба за воспоставување на доминантниот систем на идеи во светската политика, со нулта сума што сугерира дека системот на едната или другата страна е предодреден да падне. Некои ривалства се повеќе за угледот и престижот во меѓународните односи.

Второто критичко прашање е поврзано со целите на натпреварувачите. Што навистина сакаат големите сили во конкуренцијата? Дали имаат агресивни намери да доминираат во светската политика или бараат регионална хегемонија? Дали нивните цели првенствено се дефанзивни? Дали бараат економска моќ, но не и воена моќ? Еден клучен аспект е дали некој од натпреварувачите бара доминација над околните нации или територии до степен што би ја оправдал воената сила. Дали некој од натпреварувачите се милитаризирани ревизионисти? Целите на секоја голема сила во историјата биле различни, што значи дека секој натпревар донекаде е уникатен.

Третото прашање се однесува на тоа како можеме да го дефинираме успехот на ривалството? На пример, успехот на Британија во нејзината конкуренција со Франција не мораше да го вклучи падот на француската влада и окупацијата на земјата од британските трупи. Во Студената војна, одредено ублажување на советскиот систем, ако не и неговиот целосен колапс, веројатно беше суштински аспект на секој исход што може да се смета за успех за Соединетите Држави.

Четвртото прашање се однесува на степенот на интензитет во ривалството, односно колку е екстремно ривалството? Мерено со помош на индикатори како што се историја на насилен конфликт, нивото на јавно изразено меѓусебно незадоволство, степенот на непријателски национализам на едната или двете страни, склони домашни интересни групи, бројот на некомпатибилни интереси и побарувања и други варијабли. Билатералното ривалство може да се каже дека се смета за висок интензитет кога двете страни веруваат дека не можат да ги исполнат своите витални интереси или суштински цели без да ја поткопаат другата страна, и кога двете страни се подготвени да преземат детални и потенцијално насилни акции.

Последното прашање се однесува на тоа колку е стабилна конкуренцијата или ривалството, според објективни фактори кои ја одредуваат стабилноста. Стабилна конкуренција е онаа во која ривалите ретко одат во војна, иако тие може да се сметаат себеси за жестоки конкуренти и да бараат да ја поткопаат моќта на едни со други. Ова до одреден степен се поклопува со прашањето за степенот на интензитетот. Меѓутоа, ривалството може да биде интензивно, но да остане стабилно, со тенденција да се опорави од кризи и да не ескалира во војна.[80]

Сегашниот глобален стратешки пејзаж е обележан со растечка поларизација меѓу големите сили – Кина, Русија и Соединетите Американски Држави. Примарните двигатели на оваа поларизација не се идеолошки, туку се политички и економски по природа. Поединечни големи сили се обидуваат да го потврдат својот национален суверенитет ставајќи им приоритет на нивните еднострани политики пред посветеноста на меѓународната соработка.[81]

Соединетите Американски Држави кои важеа и сè уште важат за најмоќна светска сила во последнава декада забележливо е како тие воспоставија стратешка конкуренција со двата водечки ривали – Кина и Русија. Руската инвазија на Украина во февруари 2022 година драматично го зголеми интензитетот на тоа билатерално ривалство и на глобалната конкуренција. Според одредени анализи Соединетите Држави се вклучени во класични стратешки ривалства со двете земји, кои веројатно ќе опстојат со децении и ќе ги вклучат сите инструменти на национална моќ.[82]

Натпреварувањето во системска смисла подразбира да се размислува и дејствува во системски услови да се развијат стратегии кои се инхерентно дизајнирани да обликуваат холистички, индиректни и мрежни системски ефекти.[83]

---

[80] Mazarr J. Michael, Understanding Competition, Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories, March 30, 2022, page 19-22.
Understanding Competition: Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories | RAND
[81] Lt Gen D S Hooda, India’s national security strategy, March 2019, page 3.
[82]Michael J. Mazarr and Tim Mcdonald, Competing for the system – The Esence for Emerging Strategic Rivalries, Rand Corporation, November 2022, page1.
[83]Michael J. Mazarr and Tim Mcdonald, Competing for the system – The Esence for Emerging Strategic Rivalries, Rand Corporation, November 2022, page 1.

### 3.2 Поим и дефинирање на стратешката конкуренција

Безбедносните ризици и закани кои го затекнаа светот последнава декада како што се мигрантските кризи, пандемијата на коронавирусот, Руско-украинската војна, воениот конфликт на Блискиот Исток, дестабилизацијата на Индо-пацифичкиот регион ги принудија големите сили да пристапат кон реформи на меѓународниот поредок. Притоа се породија плејада на дебати за преструктуирање и редефинирање на концептите поврзани со безбедноста, одбраната и надворешната политика.

Во дебатите наидуваме на зачестени, но не јасно дефинирани и објаснети термини како што се „стратешко ривалство“, „стратешка конкуренција“, „конкуренција меѓу големите сили“ и слично.

Самиот поим на конкуренција се однесува на „некаков натпревар во кој две или повеќе луѓе или групи се борат за заеднички резултат или награда“. Многу основни дефиниции имаат тенденција да бидат донекаде тавтолошки, дефинирајќи ја конкуренцијата како „чин на натпреварување“. Според Извештај на РАНД, конкуренцијата во меѓународната сфера генерално може да се дефинира со присуство на три суштински елементи. Прво, мора да има некаква мерлива или согледана расправа (со други зборови, учесниците треба да се гледаат себеси како натпреварувачи). Второ, натпреварувачите мора да се стремат да ја подобрат својата моќ или позиција во однос на едни со други. И трето, она за кое натпреварувачите се борат мора да биде ограничено или значајно поради некоја друга причина.[84]

Стратешката конкуренција во односите меѓу државите е дефинирана како заложба во рамките на една држава или политичка организација да се направи многу голема промена во конкурентските односи меѓу останатите држави или политички организации. Стратешката конкуренција вклучува елементи на шпионажа, економска конкуренција и кражба на интелектуална сопственост, интензивна конкуренција во сајбер-просторот, санкции, информатички операции, законитости, позиционирање на воени сили,

[84] Mazarr J. Michael, Understanding Competition, Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories, March 30, 2022, page 3.
Understanding Competition: Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories | RAND

дипломатски и воени закани, заплашување, дипломатски маневар, сѐ додека ниедна од овие активности не вклучува насилство или уништување.[85]

Конкуренцијата во меѓународните односи вклучува обид да се стекне предност, често во однос на другите за кои се верува дека претставуваат предизвик или закана, преку личен интерес за стремеж кон спорни добра како што се моќта, безбедноста, богатството, влијанието и статусот. Во речникот Британика конкуренцијата се дефинира како процес на обид да се добие или освои нешто што некој друг исто така се обидува да го добие или освои, односно, конкуренцијата е претставена како натпревар.[86] Во здружениот штаб на вооружените сили на САД се употребува концептот стратешка конкуренција за кој се вели дека претставува истрајна и долгорочна борба што се одвива помеѓу два или повеќе противници кои сакаат да остварат некомпатибилни интереси без да мораат да се вклучат во вооружен конфликт меѓу себе. Според нив стратешката конкуренција е состојба со која треба да се управува, а не проблем којшто треба да се реши.[87]

### 3.3 Видови стратешка конкуренција

Ривалството меѓу САД и Кина стана парадигма на меѓународните односи во последните две години. Таа ги обликува стратешките дебати и реалната политичка, воена и економска динамика. Тоа не значи дека конкуренцијата меѓу Вашингтон и Пекинг, или воопшто ривалството на големите сили, ги одредува сите други меѓународни проблеми и конфликти. Но, ривалството сѐ почесто ја формира позицијата преку која другите актери гледаат важни случувања и настани. Како и секоја глобална криза, пандемијата на корона вирусот влијаеше врз моделите на меѓународно управување и соработка, а веројатно и врз структурите на меѓународниот систем. Глобалната пандемија всушност ја поттикна конкуренцијата. Ваков пример е Кина, откако прво е најкритикувана за начинот на кој се справи со појавата на пандемијата, сега ги

[85](WHAT IS 'STRATEGIC COMPETITION' AND ARE WE STILL IN IT?) https://saisreview.sais.jhu.edu/what-is-strategic-competition-and-are-we-still-in-it/,
[86](Competition) https://www.britannica.com/dictionary/competition,
[87](The U.S. Joint chiefs new strategy paper and joint concept for competing) https://www.csis.org/analysis/us-joint-chiefs-new-strategy-paper-joint-concept-competing,

истакна предностите на сопствениот авторитарен систем на управување во одговорот на таквите кризи. Пандемијата може да биде сведок и на некои нации како се стекнаа со мека моќ со покажување солидарност кон послабите држави, додека други изгубија дел од нивната моќ бидејќи не покажале никаква солидарност.[88]

Политичката конкуренција идентификува повеќе фактори како одговорни за исходите во релативната моќ и конкурентниот успех, и во мир и во војна. Најконзистентен и најприменлив од овие фактори е квалитетот на националните институции и нивната способност да го одржат владеењето на правото, ефективни имотни права и трансакции, ефикасното спроведување на политиките и регулативите, ефикасната и ефективна примена на ресурсите и други квалитети. Квалитетот и ефикасноста на институциите го рефлектираат владеењето на правото, корупцијата, клептократска ситуација која се наоѓа во многу држави кои не можат да ги преточат ресурсите во ефективна национална моќ и влијание.[89]

Воената конкуренција сама по себе се смета како средство за промовирање на воените интереси и вредности, и пред сѐ воената доминација. Оваа категорија на конкуренција вклучува меѓународни мерки за позиција и влијание и ги истражува мерките за глобалната воена положба. Тие не се однесуваат на директни споредби на воените сили, туку на конкурентната архитектура на военото присуство на секоја голема сила. Мерките вклучуваат бази, договори за пристап и активности за воено ангажирање, како што се вежби, образовни размени и мисии за обука.[90]

Економската конкуренција и конфликтите водени околу трговската, економската и финансиската политика сами по себе формираат ривалства. Трговскиот конфликт е тесно поврзан со прашањата околу светскиот поредок кои се од витално значење и се однесуваат на иднината на обврзувачките мултилатерални трговски правила и институции. [91]

---

[88] Barbara Lippert and Volker Perthes, Strategic Rivalry Between United States and China, Causes traectories and implications for Europe, German institute for International and Security Affairs, SWP Research Paper 4, Berlin, April 2020, page 5.
https://www.swpberlin.org/publications/products/research_papers/2020RP04_China_USA.pdf
[89]Исто, стр. 7.
[90] Исто.
[91]Исто, стр. 8.

Технолошката димензија на ривалство за разлика од економската е подлабока. Во овој сегмент најважно е прашањето „кој ќе го изеде најголемиот дел од колачот“, односно, кој ќе ја има таа привилегија да ги диктира технолошките стандарди на долг рок. Технополитичките сфери на влијание изградени на дигитални производи и услуги не се чисто територијални, но, сепак ја проектираат геополитичка моќ и ја цементираат меѓународната зависност. Прашањата за развојот и употребата на технологиите сѐ повеќе се поврзуваат со политичките и идеолошките аспекти. Тие стануваат дел од системски натпревар во врска со внатрешниот поредок, односот помеѓу државата, општеството и владата. Колку повеќе технолошкиот развој допира до основните прашања на политичкиот и општествениот поредок, толку повеќе технолошката конкуренција ќе биде поврзана со политичко-идеолошката димензија на стратешкото ривалство, било да е тоа во собирањето и обработката на податоци, вештачката интелигенција или биотехнологијата.[92]

Овие категории зборуваат за важна разлика, во својата најосновна форма, конкуренцијата е ситуација, а не политика или стратегија. Основната реалност на меѓународниот систем е дека нациите се натпреваруваат на различни начини, за различни амбиции. Како тие го прават тоа – целите што ги избираат, мешавината на средства што ги бираат за да ги постигнат тие цели – е прашање на стратегија. Накратко, постоењето на засилена конкуренција само по себе не поддржува некоја конкретна стратегија или политика. Меѓутоа, она што го бара е објективна проценка на природата на секое натпреварување. Научниците кои ги истражуваат војувањата често сакаат да го цитираат Карл фон Клаузевиц дека „првиот, највисокиот, најдалекусежниот чин на суд што државникот и командантот треба да го направат е да се утврди во каков вид на војна треба да тргнат. Истото би можело да се каже и за првата и најсуштинската задача за секој народ е да го разбере карактерот на ривалството во кое учествува.[93]

Теоретски и историски гледано назад низ вековите се случувале геополитички натпревари помеѓу големите сили. При извршена анализа од

---

[92]Исто, стр. 7.
[93]Mazarr J. Michael, Understanding Competition, Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories, March 30, 2022, page 3.
Understanding Competition: Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories | RAND

минатото можеме да заклучиме дека ривалството меѓу големите сили се одвивало во следниве сфери:

- стекнување економска моќ;
- стекнување воена моќ;
- внатрешна безбедност;
- статус и престиж;
- природни ресурси;
- територијални претензии;
- вредности и идеологија;
- борба за моќ за обликување на парадигмата и карактерот на системот (норми, вредности, правила и институции).

Научниците кои ја проучуваат природата на светската политика идентификувале најмалку четири широки нивоа или типови на конкуренција, тоа се:

1. постојан степен на меѓудржавна конкуренција за да се максимизира моќта или влијанието;
2. поизразени ривалства меѓу државите кои бараат системско лидерство;
3. целосно милитаризирани ривалства меѓу агресивни држави кои се подготвени, дури и вознемирени, да употребат сила;
4. организирани кампањи на акции за да се добие предност пред голема војна.

Овие фактори и области во кои претежно се воделе ривалствата помеѓу големите сили, како на пример ривалството помеѓу Велика Британија и Германија кое траело од почетокот на 19 век до крајот на Втората светска војна, се добра почетна точка за размислување за веројатните фокусни точки и релативни цели и задачи помеѓу Соединетите Американски Држави, Народна Република Кина и Руската Федерација.[94]

Глобалната пандемија и руската инвазија на Украина во февруари 2022 година имаат значителни импликации вез меѓународната безбедност кои

[94]Michael J. Mazarr, Bryan Frederick, Yvonne K. Crene, Understanding a new era of strategic competiion, RAND Corporation, 2022, page 7.

придонесоа за зголемување на интензитетот на стратешката конкуренција и нивото на нестабилност на ривалствата. Сепак, суштинските национални интереси и амбиции и основните двигатели на конкуренцијата остануваат непроменети и, на некој начин, се интензивирани од овие кризи.

## 3.4. Мултиполарноста и стратешката конкуренција

Мултиполарната распределба на моќта низ државите е карактеристика на човечката историја долго пред научниците и стратезите да теоретизираат за структурата на глобалната моќ.[95]

Кон крајот на осумдесеттите години на 20 век, дојде до колапс на биполарноста и светот влезе во ерата по Студената војна. Симболичен момент на пресвртницата беше уривањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година. Падот на источниот блок, кој беше столб на рамнотежата на силите од Варшавскиот пакт во светот престана да постои, што се одрази врз поседувањето и супериорноста на нуклеарното оружје на источните и западните сили. По таквиот колапс на Истокот, западните сили излегоа од Студената војна како победници. Бидејќи немаше силни противници, западните сили беа предводени од САД кои стануваа светски центар на моќ со предност во однос на економската и воената моќ, политичкото и идеолошкото влијание. [96]

Само САД ги задржаа сите атрибути на суперсила со воена и економска моќ и големо политичко влијание. Оваа состојба на светот во која Америка го има последниот збор најдобро се гледа во меѓународните односи. Во Обединетите нации, единствената светска организација која има право да одобри употреба на сила врз основа на одлуките на Советот за безбедност, САД ја играат водечката улога. Во однос на кризите во светот, САД се главниот арбитер во многу од нив што честопати иницираа да се мешаат таму и да ги

[95] Sujan R. Chinoy • Jagannath P. Panda, Asiabetween Multipolarism and Multipolarity, Manohar Parrikar Institute for Defence Studies and Analyses, New Delhi, 2020, page 52.
[96] Miloš Joncic Aleksandar Jazic, The Old and the New World Order – between European integration and the historical burdens: Prospects and challenges for Europe of 21st century, Institute of International Politics and Economics, Belgrade, April 2019 last modified September 2023, Page 287. http://repozitorijum.diplomacy.bg.ac.rs/146/1/The%20Old%20and%20New%20World...-287-301.pdf

решат и со тоа да воспоставаат контрола врз овие држави.[97] Примарната позиција на САД во НАТО покажува дека организацијата во голема мера зависи од неа, особено на економски план. Сите земји кои играат значајна улога на светската сцена имаат добри односи со САД или се нивни сојузници и развиваат партнерски односи со нив.[98]

Општо земено, мултиполарноста е систем сочинет од неколку земји кои имаат најголем дел од моќта во светот. Некои веруваат дека мултиполарниот систем води до пофлексибилни и постабилни односи во меѓународната политика.[99]Моментално, меѓународниот систем е на историска точка на пресврт. Додека Азија го продолжува својот економски подем, завршуваат два века на западна доминација во светот, прво под „Пакс Британика", а потоа под „Пакс Американа". Западот ја губи не само својата материјална доминација, туку и идеолошката моќ. Низ светот, демократиите стануваат плен на неолиберализмот и популистичките несогласувања, додека, Кина и Русија се обидуваат да го оспорат авторитетот на Западот кон меѓународното владеење.[100] Се очекува натпреварите меѓу големите сили за хиерархија и идеологија да доведат до големи промени.[101] Па така, во новиот меѓународен поредок покрај претставниците на западниот свет САД, ЕУ, Обединетото Кралство и Франција, свое место ќе заземат и Русија, Кина и Индија

## 3.5 Новиот светски поредок низ призма на стратешката конкуренција

Новиот светски поредок може да се набљудува од повеќе аспекти, но пред сѐ се тргнува од воено-политичкиот аспект, како најважен и најсеопфатен. Многумина мултиполаризмот го сметаат за корисен и на глобално и на регионално ниво. Тоа го спречува појавувањето на глобална структура на моќ во која има доминација, унилатерализам и употреба на сила. Се смета дека новиот мултиполарен свет се раѓа или произлегува од азискиот континент.

[97]Исто.
[98] Исто, стр. 290.
[99](Multipolarism) https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/multipolar,
[100](The new concept of power) https://www.foreignaffairs.com/articles/world/2021-03-23/new-concert-powers,
[101]Исто.

Односно, Азија може да го постигне својот вистински потенцијал само преку мултиполаризам затоа што овој континент е дом на двете најнаселени земји во светот, (Кина и Индија), втората и третата најголема економија во светот (Кина и Јапонија), и една од новите големи економии во светот (Индија), како и другите динамични и развиени земји во Југоисточна Азија, крајбрежјето на Индискиот Океан, и државите кои го сочинуваат арапскиот свет. Централна Азија и евроазиските земји, исто така, имаат удел во промовирањето на мултиполаризмот во Азија. Присуството на САД и другите сили од Г-7 во Азија, без разлика дали се вградени континентално или преку нивно поморско присуство или преку сојузи, ја зголемува сложеноста во регионот.[102]

Моќта на големите сили проектирана е преку комбинација на одредени атрибути. Воената моќ е само една од нив. Една земја мора да има економски капацитети и способности, образована работна сила способна да користи модерна наука и технологија за промовирање на економскиот раст и националната моќ. Колку е важен едниот или другиот атрибут на моќта, зависи од историските фактори. На пример, Британија стана голема сила во 19 век преку нејзината поморска способност, индустриска моќ и инвестиции во градење на капацитети за знаење, особено во науката и технологијата. И САД ги имаа сите овие атрибути, како и пристап до огромни природни ресурси. Доколку Кина се појави како доминантна азиска сила, тоа е затоа што нејзината моќ е изградена не само врз основа на воената, економската, технолошката или културната моќ, туку е комбинација од нив.[103]

Јасно воочлив е фактот дека глобалната рамнотежа на силите се менува кон мултиполарен и фрагментиран светски поредок. Ваквата ситуација продуцира промени во меѓународните односи и отвора повеќе избори меѓу различните партнерства[104]

---

[102]Miloš Joncic Aleksandar Jazic, The Old and the New World Order – between European integration and the historical burdens: Prospects and challenges for Europe of 21st century, Institute of International Politics and Economics, Belgrade, April 2019 last modified September 2023, Page 290
[103]Исто, стр. 64.
[104](Global machtverschiebung und multipolaritaet) https://www.megatrends-afrika.de/themen/globale-machtverschiebung-und-multipolaritaet,

Во тој контекст, ќе се осврнеме на анализата на Бжежински, објавена во „The American Interest“35, според која новиот светски геополитички поредок се соочува со таканаречени пет „реалности“ и тоа:

1. Соединетите Американски Држави, политички, економски и воено остануваат и понатаму најсилна држава во светот. Но, ако се земат предвид сложените промени во регионалната рамнотежа на силите, САД веќе не се главна сила во светот, но, ниту една од другите држави не е таква сила.
2. Во моментов Русија минува низ последниот бурен стадиум на царски реструктуирања и децентрализација. Процесот е болен, но тоа не значи дека Русија е лишена од можноста да стане водечка европска национална држава. Меѓутоа, таа залудно си ги расипува односите и ги одбива од себе поранешните субјекти од исламскиот југозападен свет (од некогашната огромна империја), а исто е и со Украина, Белорусија и Грузија.
3. НР Кина се развива цврсто, како иден еднаков и веројатен противник на САД, но засега се труди да не ги предизвикува САД. На воен план, Кина се стреми да ги модернизира вооружените сили.
4. Четвртата реалност е дека Европа не е глобална сила и едвај и ќе стане таква во иднина. Но, таа може да одигра конструктивна улога, како преземање иницијатива против меѓународните закани и опасности. Освен тоа, Европа на политички и културен план е сојузник на САД и ги поддржува нивните главни интереси.
5. Тековните политички будења во постколонијалните муслимански земји е делумно задоцнета реакција од нивното грозоморно потиснување, главно од европските земји. Оваа реакција е задоцнета, но, сепак е силно чувство на неправда и верска мотивација.[105]

## 3.6 Рамнотежа на силите во меѓународните односи

Рамнотежата на силите во меѓународните односи се однесува на политиката на една нација или група нации кои се заштитуваат од друга нација

[105](Кон новата светска реконструкција) https://lokalno.mk/zbignjev-bzhezhinski-kon-novata-svetska-rekonstrukcija/,

или група нации со усогласување на нејзината моќ со моќта на другата страна. Државите можат да водат политика на рамнотежа на силите на два начина: преку зголемување на сопствената моќ, како кога се вклучуваат во трка во вооружување или во конкурентно стекнување територија; или со додавање на сопствената моќ на другите држави, како на пример впуштање во политика на сојузи.[106]

Од почетокот на 20 век рамнотежата на силите претрпе драстични промени. Политичкиот свет беше составен од голем број посебни и независни системи за рамнотежа на силите, како што се европскиот, американскиот, кинескиот и индискиот. Но, Првата светска војна и нејзините придружни политички усогласувања предизвикаа процес кој на крајот кулминираше со интеграција на повеќето светски нации во единствен систем на рамнотежа на силите. Оваа интеграција започна со сојузот од Првата светска војна на Велика Британија, Франција, Русија и САД против Германија и Австроунгарија. Интеграцијата продолжи во Втората светска војна, во која Германија, Јапонија и Италија им се спротивставија на Советскиот Сојуз, Соединетите Држави, Велика Британија и Кина. Втората светска војна заврши со префрлање на главните тежини во рамнотежата на силите од традиционалните играчи во западна и централна Европа на два неевропски играчи Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз. Резултатот беше биполарна рамнотежа на моќта низ северната половина на светот што ги спротивстави слободните пазарни демократии на Западот против комунистичките еднопартиски држави од Источна Европа. Нациите од Западна Европа застанаа на страната на Соединетите Држави во воената алијанса на НАТО, додека сателитските сојузници на Советскиот Сојуз од Централна и Источна Европа се обединија под советско водство во Варшавскиот пакт.[107]

Повеќето истражувачи се согласуваат дека рамнотежата на моќта претставуваа некаква природна тенденција на меѓународната политика. Како последица на тоа, теоријата за рамнотежа на моќта имплицира дека државите ќе се однесуваат на начини кои ја поткопуваат концентрацијата на воените способности во рацете на една политичка заедница.[108]

---

[106](Balance of power, international relations) https://www.britannica.com/topic/balance-of-power,
[107]Исто.
[108]Исто.

Авторите Волфорт, Кауфман и Литл прават разлика помеѓу дијадичните и системските ориентации на балансирање. Балансирањето може да биде ориентирано кон одвраќање на секој заканувачки актер, или може да биде ориентиран кон спречување на појавата, или поткопување на позицијата – на хегемонистичката сила. Целта на урамнотежувањето во традиционалната теорија на рамнотежата на моќта „е да се спречи растечката сила да преземе хегемонија, и ако и кога таа превенција успее, се очекува да биде присутен баланс на силите“.[109]

Некои теоретичари балансот на силите го дефинираат на следниов начин. Рамнотежата на силите се смета за еден од основните принципи на меѓународните односи. Оваа теорија најдобро се сфаќа како состојба на меѓународен поредок каде што моќта е балансирана на таков начин што нациите избегнуваат агресија поради страв од насилна одмазда.[110] Теоријата за рамнотежа на силите првпат се појавила во 16 век и еволуирала со текот на времето. Некогаш беше вообичаено да се верува дека рамнотежата на моќта може да се постигне од страна на државите кои ги следат своите интереси. Но, повеќето современи експерти за надворешна политика ја отфрлаат идејата дека редот може спонтано да настане. Наместо тоа, многумина се придржуваат до приказот на британските академски размислувања за рамнотежата на моќта, и го опишуваат како рачно управуван систем, каде што процесот на рамнотежа е функција на човечка измисленост, со акцент на вештината на дипломатите и државниците, на заедницата на народи, на заедничка одговорност и желба и потреба да се зачува рамнотежата на системот на моќ. Исто така, повеќето приврзаници на теоријата за рамнотежа на моќта, веруваат дека на нациите им требаат робусни војски за да ја спречат агресијата.[111]

Истражувачи од Универзитетот Валден сметаат дека како што не постои единствена, договорена дефиниција на теоријата, така не постои ниту еден договорен метод за балансирање на моќта. Во најдобар случај, постојат стратегии што државите можат да ги применат за да се осигурат дека нема да

[109]Daniel H. Nexon, The balance of power in the balance, Published 2009, page 14-15. https://www.academia.edu/328982/Review_Article_The_Balance_of_Power_In_the_Balance
[110](What is the balance of power and how is it maintained) https://www.waldenu.edu/online-doctoral-programs/phd-in-public-policy-and-administration/resource/what-is-the-balance-of-power-and-how-is-it-maintained,
[111]Исто.

станат ранливи, како и стратегии што меѓународната заедница може да ги примени за одржување на рамнотежата меѓу многуте нации и интереси во светот. Овие стратегии вклучуваат:

1. *Зачувување на националниот суверенитет.* По Втората светска војна, многу експерти за политика ја препознаа екстремната опасност да се дозволи една држава да изврши инвазија и контрола на друга држава. Оние кои веруваат во теоријата за рамнотежата на моќта сметаат дека нациите никогаш не треба да го нарушуваат суверенитетот на другите нации;
2. *Содржани конфликти.* Кога ќе избувнат конфликти, моќта најдобро се балансира со задржување/запирање на тој конфликт и обезбедување да не се шири. Ова беше едно од образложенијата зад вмешаноста на ООН во Корејската војна, вмешаноста на Соединетите Држави во Виетнам и поновите меѓународни ангажмани во Либија и Сирија;
3. *Ограничена одмазда.* Нациите кои се нападнати од други нации треба да возвратат само до степен што е неопходен за зачувување на сопствениот суверенитет и безбедност. За да се зачува рамнотежата на силите, нацијата што се одмаздува не треба да зазема територија или ресурси;
4. *Силни воени сојузи.* Бидејќи некои големи нации ја посакуваат целата моќ, нациите мора да формираат воени сојузи за да спречат меѓународна агресија. Особено, посилните нации треба да се здружат со послабите нации за да ги спречат тие нации да станат цел на други силни нации. Ако една агресивна нација не може лесно да се прошири со преземање на послаби нации, таа може полесно да се држи под контрола;
5. *Робустна трговија.* Студиите покажаа дека нациите кои тргуваат заедно се помалку склони кон вклучување во спорови кои водат кон воени конфликти. Ова е најверојатно затоа што трговијата меѓусебно ги поврзува економиите, што го прави конфликтот меѓу трговските партнери скап за двете страни. Како такви, трговските договори се заемно корисни и можат да бидат корисна алатка за зачувување на рамнотежата на моќта;
6. *Транспарентност.* Дипломатијата е можеби највиталната алатка за избегнување конфликти и одржување рамнотежа на светските сили. Во дипломатијата, поважен фактор е транспарентноста. Во свет со висока

технологија, информациите патуваат брзо и тајните тешко се чуваат. За да се избегнат недоразбирања, државите и меѓународните корпорации, кои често влијаат на рамнотежата на силите, мора да останат колку што е можно транспарентни за нивните постапки и цели.[112]

[112]Исто.

# IV. ГЛАВА: БЕЗБЕДНОСНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД СТРАТЕШКОТО РИВАЛСТВО МЕЃУ ГОЛЕМИТЕ СИЛИ

## 4.1 Улогата и влијанието на големите сили

Големите сили се суверени држави кои се препознаваат по тоа што имаат способност да извршат влијание на глобално ниво. Карактеристично за големите сили е тоа што поседуваат воена и економска сила, како и „мека моќ", што може да ги принуди средните или малите сили да ги земат предвид мислењата на големите сили пред да преземат свои активности. Теоретичарите за меѓународни односи тврдат дека статусот на голема сила може да се карактеризира со способности на моќ, просторни аспекти и статусни димензии.[113] Денес, за големи сили се сметаат САД, Русија, НР Кина, Франција, Обединетото Кралство и Индија.

Терминот добил на значење по „Концептот на Европа", општ консензус за меѓународните односи во Европа што преовладувал по Виенскиот конгрес во 1814 –1815 година. Консензусот ги признал Австрија, Франција, Велика Британија, Русија и Прусија како големи сили на Европа во постнаполеонската ера. Роберт Стјуарт, (Виконт Каслериг), британскиот министер за надворешни работи на Конгресот во Виена, тврдел дека контролата на преговорите треба да зависи од земјите со најголема популација и „тежина". Германскиот историчар Леополд фон Ранке во 1833 година сугерирал дека големата сила „мора да може да се одржи против сите други, дури и кога тие се обединети", (наведувајќи ја Прусија под Фридрих II како пример). Од 20 век, проучувањето на меѓународните односи различно се фокусира на напорите на големите сили, на воената сила и на економската снаодливост за да се постигне хегемонско влијание. Иако, некои наднационални институции, како што се Советот за безбедност на Обединетите нации и Групата седум (Г7), обезбедија продуктивни патишта за големите сили да соработуваат и да наметнат заеднички политики низ целиот свет, сепак научниците тврдат дека големите сили функционираат според нивните национални интереси.[114]

---

[113] Iver B. Neumann, "Russia as a great power, 1815–2007." Journal of International Relations and Development 11.2 (2008): 128–151.
[114] (Great power, international relations) https://www.britannica.com/topic/great-power,

Да се стане голема сила вклучува значителни воени и економски инвестиции, чии трошоци обично се надминуваат со придобивките од проширувањето. Но, бидејќи не е секогаш целисходно за една голема сила да продолжи да ја зајакнува својата позиција во меѓународната рамнотежа на силите, таа на крајот се соочува со избор да ги намали трошоците или да ги надмине своите можности. Ваквите избори се совпаѓаат со периоди на опаѓање во кои една држава може да престане да го одржува својот статус на голема сила.[115]

Откако Втората светска војна ги опустоши повеќето големи сили во Европа, Соединетите Американски Држави и Советскиот Сојуз останаа како големи сили на глобалната арена и беа наречени „суперсили“. Соединетите држави и Советскиот Сојуз, станаа спротивставени „суперсили“ по 1945 година. Овие две земји доминираа во односите на големите сили за време на Студената војна. Во овој период, Европа се подели на ривалски моќни блокови, составени од нации со членство во НАТО и оние кои се поврзани преку Варшавскиот пакт. Регионалните тензии во Европа го отсликуваа конфликтот меѓу Соединетите Држави и Советскиот Сојуз. Исто така, суперсилите се обидоа да стекнат влијание низ остатокот од светот, често со поддршка на локални фракции и армии во регионални или граѓански војни.[116]

Денешните големи сили – САД, Русија, Кина, Индија, Велика Британија и Франција, имаат големи воени сили и нуклеарно оружје. Исто така, Јапонија и Германија, се со огромни економии и релативно големи воени сили, но без нуклеарно оружје, се квалификуваат како големи сили. Овие држави контролираат над половина од светската економија, 68 % од светската воена потрошувачка, 95 % од извозот на оружје и 99 % од нуклеарното оружје во светот.[117]

Соединетите Американски Држави доминираат во односите на големите сили како единствена суперсила во светот. Нејзината економија е еднаква на економијата на трите држави – Јапонија, Кина и Германија. Нејзините воени трошоци ги надминуваат оние на другите шест големи сили заедно со повеќе од

---

[115]Исто.
[116](Great powers) https://web.archive.org/web/20091031190936/http://encarta.msn.com/encyclopedia_761590309/Great_Powers.html,
[117] Исто.

стотици милијарди долари. Влијанието на САД во меѓународниот политички систем е пропорционално на нивниот доминантен статус во светот. На пример, меѓународното учество во конфликтите по Студената војна – како што е војната во Персискиот Залив во 1991 година и граѓанската војна во Босна, (која започна во 1992 година), во голема мера зависеше од американското раководство и го покажа длабокиот јаз во воените способности меѓу Соединетите Американски Држави и другите големи сили.[118]Сепак, големината и значењето на големите сили уверува дека тие ќе останат централни актери во меѓународните односи.[119]

Статусот на големата сила во меѓународните односи се мери во однос на способноста да се проектира конвенционална и нуклеарна сила на глобално ниво заедно со економските ресурси за да се одржи таа сила. Клучниот праг на способност што мора да го поминат големите сили е способноста да се координираат и да распоредат воена или економска моќ низ целиот свет низ повеќе домени. Во 21 век, способностите во просторот и сајбер-домените играат клучна улога во тоа како се случуваат глобалната координација и комуникација. Просторот содржи клучни компоненти на комуникациската инфраструктура за меѓународни и домашни финансиски мрежи, геолокација, следење на времето, навигација и многу други. Сајбер-просторот пренесува различни, често чувствителни податоци кои се однесуваат на воените и разузнавачките системи. Комбинацијата од повеќе домени на распоредување, комуникација и координација на вооружените сили се клучни способности неопходни за статусот на голема сила. Мерките за економска и воена способност на државите се релативно јасни. Првото, често ја вклучува големината на државната економија, а втората, големината и јачината на воената сила.[120]

Во меѓународните односи поседувањето на глобален статус значи дека државниот чинител презема активности насочени кон создавање глобален поредок и управување и активности во потрага по авторитет за одговор на транснационалните и мултилатералните предизвици. Со други зборови,

---

[118] Исто.
[119] Исто.
[120] John A. Stevenson, Future of Global Competition & Conflict, may 2019, page 1. https://nsiteam.com/social/wp-content/uploads/2019/05/QC_Great_Powers_for_distro.pdf.

големите сили не се дефинираат само со тоа што би можеле да направат, туку се обележани и со она што тие и другите веруваат дека треба да го прават.[121]

Престижот на големите сили се однесува на тоа колкаво влијание има големата сила во однос на искористувањето на меѓународните институции кои помагаат во управувањето, како што се НАТО, Обединетите нации, АСЕАН, Европската Унија, ММФ, Азиската банка за инфраструктурни инвестиции, СТО и хибридните организации.[122]

## 4.2 Соединетите Американски Држави

### 4.2.1 Општи напомени

САД е држава која игра најголема улога во меѓународната политика. Соединетите Американски Држави поседуваат голема економска, дипломатска и воена сила и влијание, а нивните интереси се протегаат надвор од нејзините сопствени граници. По Втората светска војна, САД преку индустриската сила, глобално влијание и нуклеарни способности, го достигнаа статусот на „суперсила“. Од Втората светска војна до денес, Соединетите Американски Држави играат активна водечка улога во меѓународните институции и негуваат блиски односи со сојузниците, со кои ги делат демократските погледи и вредности во светот.[123]

Еден од најзначајните фактори што ќе ја одреди способноста на Соединетите Држави да се натпреваруваат и да се спротивстават на Русија и Кина е влијанието што активностите на Кинезите и Русите ќе го имаат врз интересите на САД. САД ја надминаа својата традиционална верзија до конкуренција на големи сили за време на Студената војна, бидејќи воените и политичките влогови беа перципирани како егзистенцијални. Според тоа, Студената војна не беше само „традиционален“ натпревар меѓу големите сили, туку и идеолошка борба каде поразот (од двете страни) бил сфатен како фатален за нивните внатрешни политички наредби. Додека, денешниот натпревар меѓу САД, Кина и Русија има идеолошки елементи, а главните

[121]Исто, стр 2.
[122]Исто.
[123](How did the United States become a global power) https://world101.cfr.org/historical-context/world-war/how-did-united-states-become-global-power

спорови се фокусираат на моќта и интересите. Денешната ера на конкуренција наликува на реалистичкото натпреварување од Европа пред 1914 година, отколку на идеолошката/политичката борба од Студената војна. Разликата е важна, бидејќи има импликации за тоа како ова натпреварување најверојатно ќе се развива, а исто така, ќе влијае на способноста на Соединетите Држави да одржат траен натпревар како во Студената војна. Реалистите се фокусираат на моќта и анархичната природа на меѓународниот поредок како главни двигатели на ривалството и конфликтот. Растот на Кина предизвика страв и паника во САД. Реалистите во голема мера се агностични за природата на внатрешните режими на државите, сугерирајќи дека државите, особено големите сили, се однесуваат повеќе или помалку исто без оглед на природата на нивната влада. Класичните реалисти ја обвинуваат човечката природа, она што Ханс Моргентау го нарече интересот дефиниран како моќ бидејќи луѓето бараат моќ, политиката на големите сили е анархична и се карактеризира со конкуренција без повикување на морални размислувања. Неореалистите како Кенет Н. Волц и Џон Ј. Мершајмер ја посочуваат распределбата на моќта во меѓународниот систем како клучна променлива. Бидејќи и класичните реалисти како Моргентау и „одбранбените“ неореалисти како Волц кои веруваат дека државите се обидуваат да ја максимизираат безбедноста за да преживеат, гледаат на конкуренцијата во смисла на моќ и интереси, тие сугерираат дека таквите натпревари може да се управуваат со изборот на државите да водат внимателна надворешна политика кои имаат за цел да ја зачуваат рамнотежата на моќта.[124]

Според Пенг Јуан, директор на Институтот за американски студии на кинескиот Институт за современи меѓународни студии, САД имаат десет главни предности како суперсила, и тоа:

1. население, географска положба и природни ресурси;
2. воен „мускул“;
3. висока технологија и образование;
4. културна/мека моќ;
5. сајбер-моќ;
6. САД имаат повеќе сојузници од која било друга држава во светот;

[124] Исто. Стр. 81.

7. геополитичка сила, отелотворена во глобалните проекциски сили;
8. разузнавачки способности, (како што се покажа со убиството на Осама бин Ладен);
9. интелектуална моќ, хранета од плејада американски тинк-тенкови и поврзаноста помеѓу истражувачките институции и владата;
10. САД е стратешка сила и единствената земја во светот со глобална стратегија.[125]

Исто така, тој забележал во кои сегменти системот на САД има одредени слабости:

1. политичка моќ, манифестирана со распадот на двопартизмот;
2. економска моќ, како што е илустрирано со забавувањето по 2007 година;
3. финансиска моќ, со оглед на нерешливите дефицити и зголемениот долг;
4. социјална моќ, ослабена од општествената поларизација;
5. институционална моќ, САД веќе не можат да доминираат во меѓународните институции.[126]

Според водечкиот германски академик Јозеф Јофе, еднаш во деценија во Америка е време на „опаѓање“.[127] Јофе покажува дека иднината на Америка е сангвистична, за разлика од годините на Картер, економските неволји од ерата на Обама кои повеќе личат на непријатна мигрена. Според историските стандарди, одбранбениот товар на САД денес е невообичаено низок, па оттука и одржлив на долги патеки. Имиграцијата, плус здрава стапка на наталитет, не само што ќе ја одржи нацијата помлада од Кина, Јапонија, Европа и Русија, туку ќе продолжи да ги носи најдобрите и најпаметните во светот. Меѓудругото, Америка е „светска фабрика за докторати“ и во науката и во инженерството, додека нејзините трошоци за истражување и развој се во значителен пораст.[128]

Соединетите Американски Држави се најмоќната држава во меѓународниот систем во однос на воениот капацитет, економската моќ и политичкото влијание од крајот на Втората светска војна до денес. Овој долг

---

125 Jeffrey Mankoff, The United States in a World of Great Power Competition, Joiurnal of international analytucs, 2020, page 81.
126 Исто, стр.45.
127(The myth of America’s decline: Politics, economics and a half century of false prophecies) https://www.hoover.org/research/myth-americas-decline-politics-economics-and-half-century-false-prophecies,
119 Исто.

период на супериорност донесе со себе низа предности, како што се високо ниво на безбедност од конвенционален напад на својата територија, неспоредлива способност за проектирање сила надвор од националните граници и огромна база на расположливи ресурси за остварување на своите национални интереси и цели. Соединетите Американски Држави со 916 милијарди американски долари водат на ранг-листата на земјите со најголеми воени трошоци за 2023 година. Тоа изнесува над 40 отсто од вкупните воени трошоци во светот.[129]

Главната причина да се мисли дека моќта на Соединетите Американски Држави ќе порасне повеќе со текот на времето е демографијата. Популацијата во Америка најверојатно ќе порасне со брзо темпо во текот на следните 50 години, додека популацијата на нејзините потенцијални ривали најверојатно ќе се намали или скромно ќе порасне. Обединетите нации предвидуваат дека популацијата во САД ќе порасне до 410 милиони до 2050 година, односно, ќе се зголеми за 44 %. Некои експерти веруваат дека американското население ќе биде 500 милиони до 2050 година, што би претставувало пораст на наталитетот за 75 %.[130]

Постои уште една причина зошто американската економија најверојатно ќе остане динамична. Соединетите Американски Држави не само што имаат изобилство на домашен талент, исто така, ги привлекува талентираните странци од сите страни на светот и ги трансформира во американски граѓани.[131]

### 4.2.2 Цели и интереси на САД

Стратешките определби на САД се државно-центрични фокусирани на НР Кина, а потоа на Русија. Уште во Стратегијата за национална безбедност на САД од 2017 година, се нагласени ревизионистичките сили НР Кина и Русија

[129](Countries with the highest military spending in 2023) https://www.statista.com/statistics/262742/countries-with-the-highest-military-spending/#:~:text=The%20United%20States%20led%20the,to%202.4%20trillion%20U.S.%20dollars,

[130](American power in the 21st century will be defined by the rise of the rest) https://www.washingtonpost.com/opinions/american-power-in-the-21st-century-will-be-defined-by-the-rise-of-the-rest/2013/06/28/f5169668-dced-11e2-9218-bc2ac7cd44e2_story.html?noredirect=on,

[131](U.S. power in the 21 century) https://www.theglobalist.com/u-s-power-in-the-21st-century/,

како потенцијални предизвикувачи коишто би можеле да ја загрозат безбедноста и интересите на Соединетите Американски Држави. Со промените во безбедносното опкружување, овие земји добија различен статус во Стратегијата за национална безбедност и во Стратегијата за национална одбрана на САД од 2022 година. НР Кина е претставена како „предизвик за темпо“, и како најдоследен геополитички и системски предизвик за САД. Таа е единствениот сериозен конкурент на САД, чија намера е да го преобликува меѓународниот поредок со помош на својата растечка економска, дипломатска, воена и технолошка моќ. Додека Русија е претставена како „акутна закана“ врз виталните интереси на САД, и непосредна закана за слободниот и отворен меѓународен систем (National Defense Strategy of the USA, 2022). Ваквата дескрипција создава поголема конфузија дали овие земји се меѓусебни конкуренти, ривали, противници или пак непријатели.[132]

Како значајни цели на САД кои се наведени во Стратегијата за национална безбедност од 2022 година се:

1. градење и зацврстување на внатрешната моќ сè со цел одржување на конкурентната предност;
2. употреба на дипломатската моќ со цел градење најсилна можна коалиција за поддршка на свет кој е отворен, слободен, просперитетен и безбеден;
3. преку модернизирање и зајакнување на воените способности на САД до зајакнување на меѓународниот поредок кој со децении дава широки придобивки за САД, и надминување на ривалите кои нудат поинаква визија.

Ширината и сложеноста на глобални интереси на САД значат дека тие треба стратешки да ја користат нивната моќ. Следниве три меѓусебно поврзани напори се од нивно огромно значење: справување со предизвиците за меѓународниот поредок што ги поставуваат нивните стратешки конкуренти, справување со заедничките глобални предизвици и обликување на правилата на патот за технологијата, сајбер-безбедноста и трговијата и економијата.[133]

[132] (National Security Strategy) https://www.whitehouse.gov/wp-content/uploads/2022/10/Biden-Harris-Administrations-National-Security-Strategy-10.2022.pdf
[133] Исто, стр. 23.

Покрај целите, во Стратегијата за национална безбедност наведени се и следниве клучни интереси на САД:

1. одржување постојана конкурентска предност во однос на НР Кина;
2. возвраќање на руската агресија, одвраќање на нејзините напори за дестабилизација на нејзиното соседство, како и заштита на внатрешните демократски процеси во земјите низ Европа;
3. задржување, зајакнување и зголемување на меѓународната соработка за заедничките предизвици дури и во време на поголема меѓудржавна конкуренција;
4. справување со климатските промени и енергетска безбедност;
5. зајакнување на домашните капацитети во справувањето со пандемии и биолошка одбрана како и зајакнување на системот за рано предупредување и надзор на болести;
6. одвраќање на заканите и ризиците по безбедноста на храната;
7. контрола на вооружување, одвраќање и пролиферација на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје;
8. справување со денешните терористички закани кои се идеолошки поразновидни и географски дифузни за разлика од заканите пред две децении;
9. „Обликување на правилата за игра". Во координација со сојузниците, ќе се воспостават фер-правила, одржување на економската и технолошка предност и обликување на иднината дефинирана со фер-конкуренција;
10. инвестиции и развој во најнови технолошки и иновациски достигнувања. САД технологијата ја сметаат за клучна во денешната геополитичка конкуренција, иднината на националната безбедност, економијата и демократијата;
11. обезбедување на сајбер-просторот. Спречување на сајбер-нападите, зачувување на дигиталната критична инфраструктура како струја и цевководи, борба против криптовалутите и сајбер-криминалот;
12. Обезбедување отворен и фер трговски и меѓународен економски систем.[134]

[134]Исто, стр. 23-34.

За Соединетите Американски Држави, централен предизвик во текот на следните неколку децении ќе биде да се ревитализира, истовремено промовирајќи поголем и посилен Запад, справувајќи се со зголемениот глобален статус на Кина. Успешните напори на САД за „зголемување на Западот“, како најстабилна и најдемократска зона во светот, ќе се обидат да ја комбинираат моќта со принципот „поголем Запад“ – кој се протега од Северна Америка и Европа преку Евроазија до Јапонија и Јужна Кореја. На тој начин ќе ја зголеми привлечноста на клучните принципи на Западот за другите култури, со што ќе се поттикне постепеното појавување на универзална демократска политичка култура.[135]

За да имаат кредибилитет и капацитет да дејствуваат ефикасно во западните и источните делови на Евроазија, САД мора да му покажат на светот дека имаат волја да се реформираат дома, така што Американците мора да стават поголем акцент на посуптилните димензии на националната моќ, како што се иновациите и образованието. За САД да успеат како промотор и гарант на обновениот Запад, ќе треба да одржуваат блиски врски со Европа, да ја продолжат посветеноста кон НАТО и да ги дочекаат на Западот, Турција и вистински демократизиранага Русија. За да се гарантира геополитичката релевантност на Запад, САД мора да останат активни во европската безбедност. Исто така, мора да го поттикне подлабокото обединување на Европската Унија, односно тесната соработка меѓу Франција, Германија и Велика Британија, политичкото, економското и военото усогласување на европскиот континент да продолжи и да се прошири.

Ако САД не се успешни во промовирањето на појавата на проширениот Запад, би можеле да следат сериозни последици како што се историските незадоволства, да се појават нови конфликти и да се формираат краткорочни конкурентни партнерства. На пример, Русија може да ги искористи своите енергетски средства и повторно да ги промовира своите империјални амбиции како што се случува моментално во Украина. Со пасивна ЕУ, некои европски држави, како што се Германија или Италија, можат да бараат зближување со Русија од економски интерес, а Полска и балтичките држави очајно да бараат

[135]Исто.

дополнителни безбедносни гаранции од САД. Резултатот ќе биде поделен и сè повеќе песимистички за Западот.

## 4.3 Народна Република Кина

### 4.3.1 Општи напомени

Економскиот и политичкиот подем на една од најнаселените земји во светот придонесе Кина да застане рамо до рамо со САД и Русија. Кина под раководството на актуелниот претседател Си Џинпинг е глобална суперсила. Таа е втората по големина економија во светот, со постојано седиште во Советот за безбедност на Обединетите нации, со модернизирани вооружени сили и амбициозна вселенска програма, и има потенцијал да ги замени Соединетите Држави во иднина.[136] Подемот на Кина во последниве години се смета за значајна промена во глобалната рамнотежа на силите. Таа сега го проширува својот суверенитет, конструира нов сет на глобални финансиски институции и на сцената настапува со зајакнатиот национализам над универзалните вредности. [137]

Со своите реформски одлуки на крајот на 20-ти век, Кинеската комунистичка партија иницираше трансформација на кинеската економија од планирана во пазарна економија. Резултирачкиот висок економски раст доведе до зголемување на просперитетот и подемот на Кина да стане релевантна економска сила. Ова во никој случај не беше кохерентна реформска стратегија насочена кон промена на системот. Концептот на „социјалистичка пазарна економија со кинески карактеристики“ беше усвоен дури во 1992 година на 14-тиот партиски конгрес на КЗК како цел на трансформација и беше инкорпориран во уставот во 1993 година. Ова предвидува економија со слободни цени утврдени на пазарот, во која главни задачи на државата и Комунистичката партија остануваат контролата над клучните индустрии и одржувањето на социјалната стабилност. Економскиот развој беше исклучително успешен од самиот почеток. Со високи стапки на раст од

[136] (Has China always been the world's greatest superpower) https://www.historyextra.com/period/modern/has-china-always-been-world-greatest-global-superpower/,

[137] New Asian Disorder, Rivalries Embroiling the Pacific Century, editted by Lowell Dittmer, Hong Kong University press, 2022, page 8.

просечни 9,7 проценти годишно помеѓу 1979 и 1999 година, ја прави Народна Република Кина една од најбрзо растечките економии, која се трансформираше од земјоделско во индустриско општество.[138]

Интеграцијата на Кина во глобалните стратегии на странски компании, првично азиски, а подоцна и западни, доведе до силен прилив на странски капитал и знаење. Ова значително придонесе за зајакнување на кинеската конкурентност од почетокот на 1990-тите и за издигнувањето на Кина до денешната деветта по големина извозна земја (ако ЕУ се гледа како единствена економска област, Кина е на четвртото место).

НР Кина се појави како економска суперсила која им конкурира на САД на повеќе начини, иако вкупната економска моќ на современите демократии – од кои повеќето се стратешки партнери на САД значително ја надминува големината на кинеската економија, истражувањето и развојот. Исто така, Кина се соочува со големи внатрешни предизвици создадени од надворешни ограничувања и економски санкции, нејзиното справување со ковид-19 и мешањето на државите во нејзиниот економски развој. Сепак, Кина веќе се натпреварува со економиите на развиените демократски држави на глобално ниво. Нејзините напори за да воспостави економски врски со земјите во развој и да ги контролира критичните минерали и ресурси, може да создаде ривалски економски блок кој може да функционира и да расте надвор од „поредокот заснован на правила" создадени по Втората светска војна. [139]

Меѓународниот монетарен фонд објави дека кинескиот бруто домашен производ го надминал оној на Соединетите Американски Држави. Според номиналните девизни курсеви, кинескиот БДП е само три петини од БДП на Европската Унија и на САД. Според одредени истражувања остава простор за надминување до крајот на оваа деценија. Кинеското индустриско производство сочинува околу една петтина од глобалното индустриско производство. Додека

---

[138](China die kommende grossmacht) https://www.bpb.de/shop/zeitschriften/apuz/25280/china-die-kommende-grossmacht/,

[139] Anthony H. Cordesman Emeritus Chair in Strategy, China's Emergence as a Superpower A Graphic Comparison of the United States, Russia, China, and Other Major Powers, August 2023, page 2. https://csis-website-prod.s3.amazonaws.com/s3fs-public/2023-08/230811_Cordesman_China_Emerging.pdf?VersionId=PfyIjoITze29gpLxIY8kFOsuXzqLikV5

една петтина од светските интернет-корисници се во Кина и таа ќе го има најголемиот онлајн-пазар во светот.[140]

Кинеските трошоци за истражувања и развој моментално изнесуваат околу две третини во однос на трошоците на САД, но, се очекува во наредниве неколку години Кина да ја надмине САД во однос на трошоците за развој и истражување, па така, бројката би изнесувала над 600 милиони долари годишно. Исто така, до 2025 година се предвидува кинеската научна и инженерска работна сила да достигне бројка од минимум 5,5 милиони луѓе.[141]

Паралелно со нејзиниот економски и технолошки напредок, Народна Република Кина се наоѓа во најповолната безбедносна ситуација од нејзиното основање во 1949 година. Таа претендира да стане светска сила, благодарение на зголемената економска моќ, така што тежината на Кина во Азија, веројатно ќе се зголеми во однос и на безбедносната политика.[142] Кина троши за одбрана околу 232 милијарди долари, некои аналитичари тврдат дека нејзините трошоци за одбрана се околу 700 милијарди долари, што се приближува до нивото на буџетот за одбрана на САД. Експертите предвидуваат дека, Кина ќе потроши околу 471 милијарда долари за одбрана во 2024 година, или околу 36 отсто од споредливите трошоци за одбрана на САД. [143]

### 4.3.2 Цели и интереси на НР Кина

Растечката економска моќ на Кина и променетото меѓународно опкружување создадоа нов простор за дејствување за кинеската надворешна политика. Декларирана основа на кинеската надворешна политика се „Петте принципи на мирен соживот“, тоа се: (1) почитување на суверенитетот и територијалниот интегритет; (2) обврска за ненапаѓање; (3) немешање во

[140]Исто.
[141]Исто.
[142](China die kommande grossmacht) https://www.bpb.de/shop/zeitschriften/apuz/25280/china-die-kommende-grossmacht/,
[143](Estimating china’s defense spending) https://repositories.lib.utexas.edu/items/fcb784b7-9bd7-4b0f-9f92-f6bc0e8239ec,

внатрешните работи на други држави; (4) еднакви права и одржување односи за заедничка корист; (5) мирен соживот.[144]

Како и останатите земји, Кина ќе настојува да ги заштити своите основни интереси, како што се:

1. државниот суверенитет;
2. националната безбедност;
3. територијалниот интегритет;
4. националното обединување;
5. општата стабилност на политичкиот систем и
6. обезбедување на одржлив економски и социјален развој.[145]

Додека основни цели и интереси на националната одбрана на Кина во новата ера се: (1) да се одврати и да се спротивстави на агресијата; (2) да се заштити националната политичка безбедност, безбедноста на народот и социјалната стабилност; (3) да се спротивстави и да ја содржи „независноста на Тајван"; (4) да се разбијат поборниците на сепаратистичките движења како што се „независноста на Тибет" и создавањето на „Источен Туркистан"; (5) да се заштитат националниот суверенитет, единство, територијален интегритет и безбедност; (6) да се заштитат поморските права и интереси на Кина; (7) да се заштитат безбедносните интереси на Кина во вселената, електромагнетниот простор и сајбер просторот; (8) да се заштитат странските интереси на Кина, и (9) да се унапреди и поддржи концептот за одржлив развој на земјата.[146]

Повторното обединување со Тајван останува една од главните цели на кинеската политика. Ако Тајван се прогласи за независен, Пекинг се заканува со употреба на сила. Односот со Тајван беше под влијание на формулирањето на „формулата за две држави" од тогашниот претседател Ли Тенг-Хуи во 1999 година и од објавувањето на тајванската „бела книга" од страна на Државниот совет во 2000 година. Сепак, Пекинг не беше во можност да ја спречи опозицијата да победи во Тајпеј. Постапки на новиот тајвански претседател

---

[144]Исто.
[145](NIDS Chinas security reports 2019) https://www.nids.mod.go.jp/publication/chinareport/pdf/china_report_EN_web_2019_A01.pdf,
[146](Chinas defensive national defense policy in the new era) http://eng.mod.gov.cn/xb/DefensePolicy/index.html,

Чен Шуи-биан придонесоа за затегнатост, што го поттикна Пекинг да го рестартира процесот на дијалог.[147]

Во период од две години, претседателот Си Џинпинг предложи три големи глобални иницијативи: Иницијатива за глобален развој (GDI), Иницијатива за глобална безбедност (GSI) и, Иницијатива за глобална цивилизација (GCI). Овие иницијативи обезбедуваат значајни увиди во кинеската перцепција за нејзината улога и одговорности на големата сила, исто така, демонстрираат интензивирана политика на глобално хегемонско уредување.[148]

Во Генералното собрание на ООН во септември 2021 година претседателот на Кина најави дека „глобалната развојна иницијатива" се стреми да го насочи глобалниот развој кон нова фаза на балансиран, координиран и инклузивен раст преку стремеж кон продлабочена поврзаност и заемно корисен развој воден од иновации. Претседателот Си Џинпинг на Форумот во Боао за Азија во 2022 година за прв пат го предложи планот за „глобална безбедносна иницијатива", кој потоа беше елабориран во Концепт на Министерството за надворешни работи во февруари 2023 година. Овој концепт содржи шест обврски или задачи, и тоа: следење на заедничка, сеопфатна, кооперативна и одржлива безбедност; почитување на суверенитетот и територијалниот интегритет на сите земји; почитување на целите и принципите на Повелбата на ОН; сериозно преземање на легитимните безбедносни грижи на сите земји; мирно решавање на разликите и споровите меѓу земјите преку дијалог и консултации; и одржување на безбедноста и во традиционалните и во нетрадиционалните домени.

Што се однесува на односите на Кина со САД се предмет на големи флуктуации. Од една страна, САД се најважниот пазар на Кина, најголемиот инвеститор и најважниот технолошки партнер. Од друга страна, тие се сметаат за главен идеолошки противник, кој активно работи на промена на политичкиот систем на Кина и со тоа го загрозува постоењето на авторитарниот режим. По завршувањето на советско-американскиот

---

[147]Исто.

[148](Chinas hreat power responsibilities and the politics of hegemonic reordering) https://www.internationalaffairs.org.au/australianoutlook/chinas-great-power-responsibilities-and-the-politics-of-hegemonic-reordering/,

антагонизам и стратешкото партнерство меѓу Вашингтон и Пекинг, Кина сè повеќе се гледа како единствен потенцијален конкурент на Соединетите Американски Држави. Меѓутоа, голем број на настани и случувања ги интензивираа односите меѓу двете земји, а се однесува на следново: репресијата на Кина врз опозиционерите и синкретичката будистичка секта Фалун Гонг; наводната кинеска шпионажа во САД; косовската војна и бомбардирањето на кинеската амбасада во Белград во 1999 година; тензиите во Тајванскиот Теснец пред и за време на претседателските избори во Тајван; плановите на САД за поставување систем за ракетна одбрана (NMD) во Источна Азија.

Прашањето за човековите права, Тајван, растечкиот трговски дефицит на САД, како и плановите за противракетна одбрана на САД, може да доведат до заладување на меѓусебните односите во секое време.[149]

Од поблиското безбедносно опкружување, Јапонија е перципирана од Кина како ривал во Источна Азија. Сепак, односите со Токио станаа вториот најважен билатерален однос на Пекинг. Односот се карактеризира со блиски економски врски, страв од јапонска економска доминација, историски заснована длабока недоверба кон Јапонија и очекување дека ќе се обиде да ја претвори својата економска моќ во политичка моќ, и доколку е потребно во воена моќ. Покрај тоа, Јапонија игра важна улога во кинеско-американските односи поради нејзините блиски врски со САД, исто како што Вашингтон е фактор во кинеско-јапонските односи.

Во изминатиот период се зајакна соработка меѓу Јапонија и Соединетите Американски Држави во безбедносната политика, како и учеството на Јапонија во американските планови за ракетна одбрана (TMD). Бидејќи Јапонија е загрижена за модернизацијата на кинеските вооружени сили.

Од друга страна, кинеската надворешна политика се стреми да ги подобри кинеско-руските односи. Кина и Русија се противат на американската доминација и се залагаат за мултиполарност во меѓународната политика. Она што за Русија беше источното проширување на НАТО, за Кина е притисокот на Западот за понатамошна либерализација на нејзиниот трговски режим и подобрување на состојбата со човековите права, како и општиот страв од

---

[149](China die kommande grossmacht) https://www.bpb.de/shop/zeitschriften/apuz/25280/china-die-kommende-grossmacht/,

американска политика на ограничување, вклучително и зајакнување на американско-јапонското безбедносно партнерство.[150]

Според Махбубани, декан на престижната школа за јавна администрација Ли Куан Ју од Сингапур, ова е време за враќање на Азија, а не нејзин пад, бидејќи Кина и Индија биле водечки цивилизации 2000 години, а само во последните два века Европа и САД го презеле водството. Тој смета дека западната доминација на светот завршува и Азија се враќа на светската сцена.

Решението е во зајакнување на глобалните институции на владеење, како што се Обединетите нации, а кои се ослабени поради доминацијата на Западот. Иако на Западот не му е во интерес меѓународни организации да се слаби. Исто така, поранешниот претседател на Генералното собрание на Обединетите нации, Бан Ки Мун како и претседател на Центарот за меѓународна соработка и одржлив развој CIRSD, сметаат дека Азија ќе го одбележи XXIвек.[151]

Се чини дека кинеската надворешна политика е фокусирана на економскиот развој. Доколку кинеското раководство успее да ја одржи економијата на долг рок, Кина ќе може да прерасне во светска сила. Дури и ако Народна Република Кина би станала најголемата економска сила до 2030 година, (како што предвидува Светската банка), таа само би го достигнала нивото на развој (со приход по глава на жител), многу помал од оној на денешната Јужна Кореја или Тајван.

## 4.4 Руска Федерација

### 4.4.2 Општи напомени

Земја со големина на Русија која може да одржи хегемонична позиција над нејзините соседи е по дефиниција голема сила. Русија го задржува постојаното место во Советот за безбедност на ООН, што останува вистинска дипломатска предност и клучен показател за статусот на големите сили. Таа поседува високо модернизирана развиена армија и вооружување и е најголема нуклеарна сила во светот. Генерално, Русија се смета за една од големите сили

[150]Исто.

[151](Blizi se kraj dominacija zapada, a 21 vek bice vek Azije) https://www.sd.rs/clanak/dominacija-zapada-polako-se-blizi-kraju-i-21-vek-ce-biti-vek-azije-30-03-2015,

во светот и како таква има клучна улога за зачувување на европската безбедност. Со повеќе од илјада години независност, длабоки историски врски со традиционалната европска култура и другите евроазиски култури и способноста да обезбеди хармоничен соживот на различни народи, етнички, религиозни и јазични групи на една заедничка територија, која се развивала во текот на многу векови, ја одредува посебната позиција на Русија како единствена земја – цивилизација и огромна евроазиска и европацифичка сила.

Во изминативе две децении, Русија стана поамбициозна во надворешната политика и понаметлива благодарение на нејзината растечка економска и политичка моќ. Таа има клучна улога како главен снабдувач со енергенси како природен гас и нафтени деривати во Европа и Азија. [152]

Уште од советско време, руските лидери се заинтересирани да ги наведат долгорочните планови и доктрини во кои целите и средствата на нивната политика им се објаснуваат на луѓето и на околниот свет. Конзистентната политика на Руската Федерација за зајакнување на одбранбените капацитети, внатрешното единство и политичка стабилност, економска модернизација и развој на индустрискиот потенцијал ја зајакна суверената државност на Русија како земја способна да води независна надворешна и внатрешна политика и ефикасно да се спротивстави на обидите да се изврши надворешен притисок.

Руската надворешна политика претрпе значителни промени во периодот по Студената војна. Почетниот период на руската надворешна политика во раните 1990-ти беше во голема мера продолжение на советската надворешна политика, со нејзиниот фокус на кооперативните односи со Западот. Ова, пак, во комбинација со општата слабост на руската држава, резултираше со релативно непочитување на другите надворешнополитички насоки. Продлабочувањето на домашната борба за моќ доведе до растечка опозиција кон прозападниот курс и го отвори патот за голем број домашни играчи да влијаат на курсот на надворешната политика на Русија. Доаѓањето на Владимир Путин на власт во 2000 година и домашните промени што ги воведе ја ослободија надворешната политика од повеќето нејзини внатрешни ограничувања, барем привремено. За време на неговиот прв претседателски

[152] Ingram Karl Oldberg, Russia's Great Power Ambitions and Policy Under Putin, Swedish Institute of International Affairs, January 2007, page 2.

мандат (2000 – 2004), руската надворешна политика осцилираше помеѓу конкуренцијата со Западот, особено Соединетите Американски Држави и обидите да ја интегрира Русија како рамноправен партнер на Западот. Ангажманот на Русија со надворешниот свет претрпе значителни промени, кои се покажаа како трајни во следната деценија и половина. Материјалното оживување, зајакнувањето на државата и домашната политичка консолидација ја поттикнаа наметливоста на Русија во меѓународната политика. Овие процеси кулминираа со говорот на Путин во Минхен во 2007 година и војната со Грузија во 2008 година. Следниот период на таканаречената тандемократија од 2008 до 2012, (кога Владимир Путин стана премиер и Дмитри Медведев беше претседател), доведе до делумно затоплување во односите со Западот.

Исто така, Русија ја продлабочи својата соработка со Кина. Во 2012 година се иницираше конзервативно-националистичкиот пресврт во внатрешната политика, што се одрази врз надворешната политика. Русија сè повеќе се позиционираше како геополитички предизвикувач на Западот. Анексијата на Крим (во 2014 година), проследена со воената интервенција во Сирија (2015), отвори нова фаза во руската надворешна политика. Москва стана похрабра во употребата на воена сила во странство и го зголеми своето присуство во региони како супсахарска Африка.[153]

Светскиот економски форум објави извештај во кој Русија е рангирана на шестата позиција како најголема економија во светот, мерено според паритетот на куповната моќ, Г20 и Советот за безбедност на ООН. Влијанието на глобалната финансиска криза, сепак, ги истакна ранливостите во зависноста на економијата од извозот на енергија, додека претседателските избори во 2012 година покренаа важни дискусии за идните економски политики на земјата и за создавање социјални немири.[154]

Френсис Хадсон, глобален тематски стратег во Standard Life Investments во Единбург, изјави дека во наредните години во Русија нема да се случуваат големи работи, бидејќи според него постои прашање на корпоративното управување и прекумерно потпирање на нафтата и гасот во време кога тие

[153](Russian foreign policy) https://www.oxfordbibliographies.com/display/document/obo-9780199743292/obo-9780199743292-0310.xml,
[154](Russia’s three bigest problem) https://www.forbes.com/sites/kenrapoza/2013/01/24/russias-three-biggest-problems/?sh=2e4f31c25c86,

може да ја загубат својата ценовна моќ во Европа штом САД ќе почнат да извезуваат природен гас.[155]

Според Извештајот, Русија се соочува со три клучни несигурности:

1. Глобален енергетски пејзаж. Руската економија во голема мера се потпира на нејзиниот енергетски сектор, со исклучително тесна корелација помеѓу цените на нафтата и БДП на земјата. Во следните децении, Русија ќе се соочи со неколку предизвици кои произлегуваат од променливиот глобален енергетски пејзаж.
2. Слаби институции. Институционалната средина на Русија е рангирана на 133 место од 144 земји според Индексот на глобална конкурентност на Светскиот економски форум за 2012-2013 година. Развојот на институциите на земјата претставува еден од нејзините клучни предизвици. Многу од неефикасностите во владиниот апарат може да се препишат на високите нивоа на корупција. Русија се карактеризира со многу повисоки нивоа на корупција од другите земји кои се со слично ниво на развој.
3. Социјална кохезија. Довербата во општеството и кон институциите и носителите на одлуки е клучен показател за способноста на општеството целосно да го развие својот продуктивен потенцијал. На сите овие фронтови, постојат знаци дека Русија се соочува со значителни несигурности. Ова не само што го намалува креативниот потенцијал за поддршка на економскиот развој во земјата, туку го нагласува одливот на капитал и ја намалува домашната потрошувачка. Истите услови влијаат и на способноста на земјата да привлече странски таленти, што би можело да игра дополнителна улога во следната фаза на развој на руската економија.[156]

---

[155](Scenarios of the Rusian Federation)
https://www3.weforum.org/docs/WEF_Scenarios_RussianFederation_Report_2013.pdf,
[156] World Economic Forum, Scenario For The Russian Federation, Januari 2013, page 30.
https://www3.weforum.org/docs/WEF_Scenarios_RussianFederation_Report_2013.pdf

## 4.4.2 Цели и интереси на Руската Федерација

Уставот на Руската Федерација ги утврдува основните вредности и принципи кои ги формираат темелите на руското општество, националната безбедност и понатамошниот развој на Русија како социјална држава управувана од владеењето на правото, во која се почитуваат заштитата на човековите и граѓанските права и слободите, подобрувањето на благосостојбата на луѓето и заштитата на достоинството на граѓаните на Руската Федерација.[157]

Русија води независна и мултивекторска надворешна политика водена од нејзините национални интереси и свесноста за нејзината посебна одговорност за одржување на мирот и безбедноста на глобално и регионално ниво. Руската надворешна политика е мирна, отворена, предвидлива, конзистентна и прагматична и се заснова на почитување на универзално признатите принципи и норми на меѓународното право и желбата за правична меѓународна соработка со цел да се решат заедничките проблеми и да се промовираат заедничките интереси. Односот на Русија кон другите држави и меѓудржавни здруженија зависи од конструктивниот, неутрален или непријателски карактер на нивната политика во однос на Руската Федерација.[158]

Руската надворешна политика се фокусира на неколку клучни насоки, како што се: (1) односите на Русија со западните држави, со посебен акцент на односите со САД и политиката кон Европската Унија; (2) политиката на Русија кон постсоветското соседство; (3) односите на Русија со азиските држави, притоа најголем дел од вниманието е посветено на односите со НР Кина, Јапонија и Индија, и (4) улогата на Русија во глобалниот меѓународен поредок. Другите надворешнополитички насоки, вклучувајќи ги Блискиот Исток и Северна Африка, Латинска Америка и супсахарска Африка добиваат многу помалку внимание.[159]

Националните интереси на Руската Федерација во сегашната фаза се:

1. Развој на човечкиот потенцијал и подобрување на квалитетот на животот и благосостојбата на граѓаните.

---

[157] (National security strategy of the Russian Federation) https://paulofilho.net.br/wp-content/uploads/2021/10/National_Security_Strategy_of_the_Russia.pdf,

[158] Исто.

[159] Исто.

2. Заштита на уставниот систем, суверенитет, независност, државен и територијален интегритет на Руската Федерација, зајакнување на одбраната на земјата; одржување на граѓанскиот мир и хармонија во земјата, зајакнување на владеењето на правото, искоренување на корупцијата, заштита на граѓаните и сите форми на сопственост од незаконски прекршувања, развивање механизми на интеракција помеѓу државата и граѓанското општество.
3. Развој на безбеден информативен простор, заштита на руското општество од деструктивни информации и психолошко влијание; одржлив развој на руската економија на нова технолошка основа.
4. Заштита на животната средина, зачувување на природните ресурси и управување со животната средина и прилагодување кон климатските промени.
5. Зајакнување на традиционалните руски духовни и морални вредности и зачувување на културното и историското наследство на рускиот народ.
6. Одржување стратешка стабилност, зајакнување на мирот и безбедноста и зајакнување на правните основи на меѓународните односи.[160]

Надворешно-политичките приоритети на Руската Федерација првенствено се насочени кон оспоставување на правичен и одржлив светски поредок. Таа се стреми кон систем на меѓународни односи што ќе гарантира сигурна безбедност, зачувување на нејзиниот културен и цивилизациски идентитет и еднакви можности за развој за сите држави, без оглед на нивната географска локација, големината на територијата, демографијата, ресурсите и воениот капацитет.

Со цел да помогне во прилагодувањето на светскиот поредок на реалноста на мултиполарниот свет, Руската Федерација има намера да се насочи кон остварување на следниве приоритети:

1. Елиминирање на остатоците од доминација на САД и други непријателски држави во глобалните работи, создавање услови за да се овозможи секоја држава да се откаже од неоколонијалните или хегемонистичките амбиции.

[160] Исто.

2. Подобрување на меѓународните механизми за обезбедување безбедност и развој на глобално и регионално ниво.
3. Враќање на улогата на ООН како централен координативен механизам во усогласувањето на интересите на земјите членки на ООН и нивните дејствија во остварување на целите на Повелбата на ООН.
4. Подобрување на капацитетот и меѓународната улога на меѓудржавното здружение на БРИКС, Шангајската организација за соработка (ШСО), Комонвелтот на независни држави (ЗНД), Евроазиската економска унија (ЕАЕУ), Организацијата на Договорот за колективна безбедност (ОДКС), РИЦ (Русија, Индија, Кина) и други меѓудржавни асоцијации и меѓународни организации, како и механизми со силно руско учество.
5. Поддршка на регионалната и субрегионалната интеграција во пријателски мултилатерални институции, платформи за дијалог и регионални асоцијации во Азија, Латинска Америка, Африка и Блискиот Исток.
6. Зајакнување на одржливоста и прогресивниот развој на меѓународниот правен систем.
7. Да се обезбеди правичен пристап за сите држави до придобивките од глобалната економија и поделбата на трудот на меѓународно ниво, како и до модерната технологија во интерес на фер и рамномерен развој (вклучувајќи и решавање на глобалната енергетска и прехранбена безбедност).
8. Интензивирање на соработката во сите области со сојузниците и партнерите на Русија и сузбивање на обидите на непријателските држави да ја попречат таквата соработка.
9. Да се консолидираат меѓународните напори за да се обезбеди почитување и заштита на универзалните и традиционалните духовни и морални вредности (вклучувајќи ги и етичките норми заеднички за сите светски религии) и да се спротивстави на обидите да се наметнат псевдохуманистички или други неолиберални идеолошки гледишта, што доведува до губење на традиционалните духовни и морални вредности и интегритет од страна на човештвото.

10. Промовирање конструктивен дијалог, партнерства и вкрстено оплодување на различни култури, религии и цивилизации.[161]

Може да се заклучи дека во пракса руското политичко раководство води многу флексибилна, прагматична надворешна политика, користејќи ги своите политички, воени и економски ресурси ад хок и максимално искористувајќи ги претстојните можности. Во меѓународната политика Русија продолжува да игра балансирачка игра и да ги искористува поделбите меѓу своите партнери. Наместо мултилатерална соработка, таа првенствено се потпира на билатералните односи, каде што може да надвладее над послабите партнери. Најважно за Русија е очигледно да го контролира регионот на ЗНД и да го држи НАТО надвор од него. За таа цел се применуваат сите средства, дури и кога се нанесува штета на руската економија.

Во контекст на стратешката конкуренција, Русија има големо влијание во меѓународната политика, иако ги нема традиционалните средства на моќ што ги поседуваат САД и Кина. Меѓутоа, во изминатите години Русија стана поспремна да проектира моќ во странство со цел да ја одржи домашната стабилност.[162] Сметаме дека таа ќе има активна улога во обликувањето на современиот систем на меѓународни односи и во елиминирањето на глобалниот систем на неоколонијализам. И ќе биде еден од суверените центри на глобалниот развој кој извршува мисија насочена кон одржување на глобалната рамнотежа на силите и изградбата на мултиполарен меѓународен систем, како и обезбедување услови за мирен прогресивен развој на човештвото врз основа на обединувачка и конструктивна агенда.[163]

---

[161](National security strategy of the Russian Federation) https://paulofilho.net.br/wp-content/uploads/2021/10/National_Security_Strategy_of_the_Russia.pdf,
[162]https://academic.oup.com/book/39757/chapter-abstract/339823269?redirectedFrom=fulltext, (Is Russia resurected? Assesing state power and its domestic determinants)
[163]https://mid.ru/en/foreign_policy/fundamental_documents/1860586/, (The concept of the foreign policy of the Russian Federation)

## 4.5 Република Индија

### 4.5.1 Општи напомени

Во последните децении, Индија полека се искачува на меѓународната хиерархија, зголемувајќи го своето глобално влијание и е на пат да се појави како една од најголемите сили. Извонредниот пораст на Индија ја опфаќа моменталната глобална промена на економската моќ од Европа и Северна Америка во Азија. Овие трендови го најавуваат вистинскиот почеток на азискиот век, при што големите азиски сили ќе стекнат способност да доминираат, диктираат и на крајот да ги дефинираат контурите на меѓународните односи. [164]

На глобално политичко ниво, Индија има остварено голем економски успех, со просечна растечка стапка од 6,5 % годишно од 1990 година до денес. Ваквата одржлива економска експанзија на Индија ѝ овозможи да надмине низа големи светски економии меѓу кои се Јапонија, Германија и Русија. Со БДП од 10,5 милијарди долари годишно, Индија сега е трета по големина економија во светот по Кина и САД, со прогнози и шанси во наредните дваесет години да стане втора најголема економија во светот.[165]

Појавата на Индија како една од најголемите и најбрзо растечките економии во светот ќе има значителни импликации за улогата на Индија во променливиот меѓународен поредок особено во Азија.[166]

И економската и воената моќ на Индија се дополнително засилени со фактори како што се големината на населението (прва на глобално ниво) и територијата (седма по големина), кои го нагласуваат нејзиниот потенцијал како голема сила. Што се однесува до демографијата, населението на Индија е многу помладо од американското, кинеското и од населението на Европската Унија што укажува на потенцијално поголема работна сила со која ќе ја одржи

[164](India in transition, India as a great power potentiol versus reality) https://casi.sas.upenn.edu/iit/chrisogden,
[165]Исто.
[166](Engaging the world: India foreign policy and the future of Asia) https://casi.sas.upenn.edu/engaging-world-indian-foreign-policy-and-future-asia/engaging-world-indian-foreign-policy-and-future,

својата нагорна траекторија во децениите што доаѓаат, а со тоа и нејзината економска и воена моќ.

Во однос на другите параметри на големите сили, Индија се наоѓа на четвртото место во светот по трошоците за одбрана кои изнесувале 83,6 милијарди долари во 2023 година, што бележи зголемување од 4,2 отсто во однос на 2022 година.[167] Моментално, индиските трошоци за оружје се околу два и пол пати повеќе од сите нејзини јужноазиски соседи заедно. Како најголем увозник на оружје во светот, речиси секоја година од последните три децении, аналитичарите предвидуваат дека Индија ќе биде трета воена сила во светот до 2030 година. Таквите способности овозможуваат сè поголем стратегиски дострел во однос на енергетската безбедност на земјата и потребите за трговска безбедност.

Индија има една од најголемите армии во светот, која се користи за внатрешната безбедност за да се спротивстават на сепаратистичките движења во Џаму и Кашмир, Асам, Мегалаја и Манипур. Ваквите распоредувања ги нагласуваат главните територијални закани со кои се соочува Индија, (со 84 000 квадратни километри од Аруначал Прадеш и 38 000 квадратни километри од Аксаи Чин кои се оспорени од Кина), додека Пакистан и Кина имаат претензии за 222 000 квадратни километри од Џаму и Кашмир. Сепаратизмот, бунтот и насилството резултираа со смрт на 65 500 граѓани, безбедносен персонал и терористи/сепаратисти помеѓу 1994 и 2015 година.[168]

Република Индија е најголемата демократија во светот (со електорат од 900 милиони луѓе), но, државата не ги брани соодветно правата на малцинствата, кастата и жените и има недоволно функционални институции поткопани со кршење на човековите права, корупција и намалено придржување кон секуларизмот. Покрај тоа, инфраструктурата на земјата не е во состојба доволно да ги поддржи енергетските, трговските и деловните потреби на Индија, што влијае на домашното производство, како и на странските директни инвестиции. Наплатата на даноците е многу ниска, при

[167](India military spending) https://www.macrotrends.net/global-metrics/countries/IND/india/military-spending-defense-budget#google_vignette,
[168](Economic survey of India) https://web.archive.org/web/20110606112149/http://www.oecd.org/dataoecd/17/52/39452196.pdf,

што само околу 3 отсто од населението воопшто плаќа даноци, додека отворањето работни места не може да биде во чекор со милионот нови луѓе кои влегуваат во работната сила секој месец.

Иако важноста на Индија како сила во подем е прифатена од другите водечки сили, нејзиниот статус на голема сила не е доволно уверлив. Перцепцијата за голема сила се чини дека ги надминува јасните материјални способности и потенцијал на Индија. Тоа, исто така, го надминува силното домашно и националистичко верување дека Индија е земја со голема моќ. Немањето постојано место во Советот за безбедност на Обединетите нации се чини дека е најдобар пример во овој поглед, при што латентната сила на Индија сè уште не е формално признаена од другите земји.[169] Од тие причини, на Запад се дебатира дали на Индија треба да ѝ се верува и да ѝ се помогне да стане економски силен демократски актер во светот и да се користи за да се балансира моќта со цел да се осигура постабилен свет?[170]

Многумина тврдат дека е само прашање на време кога Индија ќе го надмине овој перцептивен јаз, која сè уште е земја во развој. Други пак забележуваат дека можеби мерењето на голема сила е застарено и дека многу големи земји како што е Индија, не можат или никогаш нема да бидат толку проактивни како што историски биле другите големи сили, како што се САД, Русија или Велика Британија.[171]

### 4.5.2 Цели и интереси на Индија

Индија има развиено пријателски односи со светските сили како Обединетото Кралство, Европската Унија, Јапонија, Русија и САД. Исто така, таа разви односи и со Африканската унија, особено со Јужно Африканската Република, со земјите од арапскиот свет, Југоисточна Азија, Израел и

[169](India-UAE relationship holds a reservoar of trust) https://www.hindustantimes.com/opinion/indiauae-relationship-holds-a-reservoir-of-trust-101673533941280.html,
[170] (India rising) https://web.archive.org/web/20060328182554/http://msnbc.msn.com/id/11571348/site/newsweek/
[171](India is overtaking china today as the words most populous country) https://www.marketwatch.com/story/india-is-overtaking-china-today-as-the-worlds-most-populous-country-according-to-this-projection-d268ead9,

јужноамериканските земји, особено Бразил. Таа значително го зајакна својот имиџ меѓу западните земји и потпиша нуклеарен договор со Соединетите Американски Држави во 2006 година. Основната позиција на Индија во одржувањето на светскиот мир и индо-пацифичката регионална стабилност станува сѐ поважна. За да ја направи средината поволна за економски раст, Индија инвестира во односите со Кина.[172]

Во последните три децении, креаторите на индиската политика имаат за цел да ја направат својата земја една од најголемите во светот и да има голема улога на светската сцена. Па така, како позначајни нејзини цели, интереси и предизвици се издвојуваат следниве:

1. Заштита на националните интереси од внатрешни закани како тероризам бунт и милитантност со цел да се негираат сецесионистичките и сродните дестабилизирачки напори во државата.
2. Промоција и заштита на основните вредности на демократијата, секуларизмот, слободата, единството и човековите права запишани во индискиот Устав.
3. Тековните предизвици за регионална доминација: идентитетски разлики; нееднаквост по големина, население и богатство помеѓу Индија и останатите соседи; географската локација на државата и нивните безбедносни политики едни спрема други водат до недостатокот на безбедносен консензус помеѓу државите во регионот (Бангладеш, Бутан, Непал, Пакистан и Шри Ланка).
4. Справување и одвраќање на заканите од Пакистан и Кина. Индија силно верува дека Пакистан и Кина претставуваат закана за нејзината безбедност. Во извештајот за национална безбедност на Министерството за одбрана на Индија, изрази загриженост за развојот на пакистанските и кинеските капацитети на нуклеарни и балистички ракети.
5. Јакнење на сопствените воени капацитети и развој и унапредување на домашното воено производство. Врз основа на регионалните и вонрегионалните закани со кои се соочува, индиските власти сметаат дека потребни им се релативно високи трошоци за одбрана. Воедно, Индија поседува своја автохтона индустрија за производство на оружје.

[172](Indias growing strategic footprint in the indo pacific) https://www.orfonline.org/expert-speak/indias-growing-strategic-footprint-in-the-indo-pacific,

6. Одбрана на  националните и територијалните интереси на копно, море, воздух, вселена и сајбер-простор.
7. Обезбедување непромислен и добро координиран разузнавачки механизам се со цел обезбедување рана превенција од надворешни и внатрешни закани.
8. Промоција  на мирот и стабилноста во регионот преку кооперативен економски развој поддржан од дипломатски иницијативи за решавање спорови и конфликти.
9. Воспоставување силни стратешки партнерства со други земји, регионални и глобални безбедносни организации, како Обединетите нации, преку одбранбена соработка, борба против тероризмот и мировни активности.[173]

Историски гледано, Индија беше една од основачите на „Движењето на неврзаните“ и имаше добри односи со Советскиот Сојуз и другите делови од западниот свет. Таа имаше регионални улоги во јужноазиските работи, (на пр. употреба на индиските мировни сили во Ослободителната војна во Бангладеш и во Шри Ланка). Исто така, имаше водечка иницијатива за подобрување на односите меѓу африканските и азиските земји. Република Индија е активна членка на Комонвелтот и СТО. Еволуирачката политика за економска интеграција на Запад и во Азија, влијаеше врз Индија да се заврти кон интеграција во глобалната економија. Во моментов, политичките потези на Индија се под влијание на економските императиви. Исто така, се забележува дека Њу Делхи, претпазливо  зачекори во непознатата улога да стане едно од двете главни места на политичката моќ во Азија.[174]

## 4.6 Безбедносни импликации од стратешкото ривалство на големите сили

Суштината на безбедносните импликации од стратешкото ривалство на големите сили се гледа во остварувањето на нивните стратешки интереси.

[173](India’s national security strategy)
https://archive.claws.in/images/journals_doc/52385527_1117566064_PhilipCampose.pdf,
[174](Proposal for future South Asian Union)
https://theseoultimes.com/ST/?url=/ST/db/read.php?idx=2765&ckattempt=1,

Имено, големите сили својата моќ и влијание сакаат постојано да ги наметнуваат речиси колку што можат подалеку од нивните територијални граници. Но, таквиот начин на функционирање не носи добро за сите, не особено за оние земји кои спаѓаат во категоријата на земји од Третиот Свет, исто така, и оние кои негуваат спротивни државни, културни, па и религиски уредувања како што се авторитарните држави. Односно, се мисли на државите кои го немаат западно либералниот демократски систем на уредување. Па така, познаваме голем број на примери во кои наметнувањата на таканаречени нови правила од страна на одредена голема сила се со цел нивно наметнување и индирекно мешање во внатрешните работи на државата.[175]

Промените кои сега се случуваат и кои се генерално поволни, сепак не се добредојдени од голем број држави кои се навикнати на глобална доминација и неоколонијализам. Овие земји одбиваат да ја признаат реалноста на мултиполарниот свет и соодветно да се договорат за параметрите и принципите на светскиот поредок. Се прават обиди да се ограничи природниот тек на историјата, да се елиминираат конкурентите во политичко-военета и економската сфера и да се потисне несогласувањето. Се користат широк спектар на незаконски инструменти и методи, вклучително и воведување на принудни мерки (санкции) за заобиколување на Советот за безбедност на ОН, предизвикување државни удари и воени конфликти, закани и манипулација со свеста на одредени општествени групи и народи, навредливи и субверзивни дејствија во информативниот простор. Широко распространета форма на мешање во внатрешните работи на суверените држави стана наметнување на деструктивни неолиберални идеолошки ставови кои се спротивни на традиционалните и морални вредности. Како резултат на тоа, деструктивниот ефект се протега во сите сфери на меѓународните односи.[176]

Се врши сериозен притисок врз ООН и другите мултилатерални институции чија цел, како платформи за усогласување на интересите на водечките сили, вештачки се обезвреднува. Меѓународниот правен систем е ставен на тест, каде што мала група држави се обидува да го замени со концептот на светски поредок заснован на правила (наметнување правила,

---

[175] Bertel Heurlin and Kristensen, International security, „International relations“, Vol.II, Danish Institute of International Affairs, Copenhagen, Denmark, page 7.
[176]Исто, стр. 7.

стандарди и норми кои се развиени без правично учество на сите заинтересирани држави). Станува потешко да се развијат колективни одговори на транснационалните предизвици и закани, како што се илегалната трговија со оружје, ширењето на оружјето за масовно уништување и нивните средства за испорака, опасни патогени и заразни болести, употребата на информатички и комуникациски технологии за недозволени цели, меѓународен тероризам, недозволена трговија со наркотични дроги, транснационален организиран криминал и корупција, природни и вештачки катастрофи, илегална миграција, деградација на животната средина. Културата на дијалог во меѓународните работи е понижувачка, а ефективноста на дипломатијата како средство за мирно решавање на споровите се намалува. Постои огромен недостаток на доверба во меѓународните работи.[177]

Кризата на економската глобализација се продлабочува. Тековните проблеми, вклучително и на енергетскиот пазар и во финансискиот сектор, се предизвикани од деградација на многу претходни развојни модели и инструменти, неодговорни макроекономски решенија (вклучувајќи неконтролирана емисија и акумулација на необезбедени долгови), незаконски еднострани рестриктивни мерки и нелојална конкуренција. Злоупотребата на одредени држави на нивната доминантна позиција во некои сфери ги интензивира процесите на фрагментација на глобалната економија и го зголемува диспаритетот во развојот на државите. Новите национални и прекугранични платежни системи стануваат широко распространети, се зголемува интересот за нови меѓународни резервни валути и се создаваат предуслови за диверзификација на механизмите за меѓународна економска соработка.[178]

## 4.7 Компарација на целите и интересите на големите сили

Оваа анализа на релативните цели и интереси е показател за вистинската суштина на натпреварот што се појавува, а тоа е натпревар за карактерот на меѓународниот систем, повеќе отколку за конкретни форми на воена моќ или

[177]Исто, стр. 8.
[178]Исто, стр. 7.

за исходите на специфичните геополитички спорови. Стратешката конкуренција не се појавува случајно, таа е производ на судир на интереси и цели од страна на големите сили. Секоја проценка на карактерот на стратешката конкуренција мора да започне со евалуација на тие интереси и цели.

Преовладувачките елементи на конкуренцијата вклучуваат натпревар за лидерство на меѓународниот систем и неговите институции, правила, норми, процеси и неформални коалиции, вредносната ориентација и практичното усогласување врз основа на интерес на главните геополитички актери, и лидерство во клучните технолошки области во развој.

Секоја стратешка конкуренција се одвива во поширок контекст – геополитички, економски, социјален, воен и еколошки домен. Главните трендови во секоја од овие области може да ги зајакнат или ослабат главните конкуренти. Земјите кои се усогласуваат со „духот на векот“ можат да добијат конкурентска предност, додека оние што не успеваат да се држат во чекор со барањата на контекстот или да ги искористат неговите можности во своја полза, ќе заостанат. Новиот глобален контекст би можел да има драматични ефекти врз стратешката конкуренција. Светот веројатно се наоѓа на точка на пресврт – во однос на политиката, економијата, технологијата и карактерот на војувањето – што предвидува драматични промени. Големите сили кои ефикасно се натпреваруваат ќе бидат предводници на промените, наместо да бидат ставени во неповолна конкурентска положба.[179]

Способноста да ги контролира и манипулира меѓународните институции се од огромно значење за големата сила, бидејќи овие институции колективно ги отелотворуваат и обликуваат правилата за тоа која држава ќе управува со системот, како и кои идеи и вредности ќе преовладуваат. Правилата ги обликуваат очекувањата во речиси секоја област на глобалното владеење, од трговијата меѓу земјите до надзорот на болестите, до координирани одговори на климатските промени или интероперабилноста на структурата на сила во сојузите. Всушност, големите сили ги дизајнираат овие правила и институции и можат да ги овластат актерите да ги спроведат.[180]

---

[179]Исто, стр. 10.
[180]John A. Stevenson, Future of Global Competition & Conflict, may 2019, page 3.

Важноста на големите сили е поврзана со тоа колкава контрола имаат врз поставувањето на агендата, односно, какви се нивните перцепции во однос на интервенционистичките одговори на транснационалните и мултилатералните кризи и случувања. Способноста за поставување агенда е важна бидејќи дава моќ да се дефинира што се смета за прашање од меѓународен интерес, односно, кои прашања добиваат глобално внимание за соодветна интервенција или спроведување.

Од горенаведеното можеме да го констатираме следново:

1. Основата за успех во стратешката конкуренција е основна национална динамика, економска сила и конкурентна позиција во водечките индустрии и напредните технологии. Тие квалитети се основа за сите други конкурентни приоритети. Справувањето со водечките внатрешни предизвици, од корумпирани информациски средини до општествена поларизација и зголемена нееднаквост, е предуслов за долгорочен успех на глобалното лидерство на САД и конкурентната предност.
2. Конкуренцијата е над суштинскиот карактер на меѓународниот систем – неговите институции, правила, норми, наративи и вредности. Доминацијата во преовладувачката парадигма им овозможи конкурентни предности на Соединетите Држави, создавајќи поголем контекст во кој широко прифатените норми и вредности ја туркаат светската политика во насоки поволни за САД.
3. Траекторијата на рамнотежата на силите меѓу САД и Кина не е „транзиција на моќта“ како што е класично дефинирано. Кина се издигнува за да стане водечки актер во светската политика. Со текот на времето се очекува Индија, Европската Унија и Јапонија да бидат меѓу водечките сили во светот. Во меѓувреме, многу нации во Азија се против кинеската принуда и доминација.
4. Мултилатерализмот може да биде огромна конкурентска предност за САД и мултипликатор на сила, особено кога се работи со Кина. Обезбедувањето, одржливи и заемно корисни односи меѓу Соединетите Држави и нивните постојни и клучни сојузници ќе останат суштински елемент на успехот во пошироката конкуренција.

---

https://nsiteam.com/social/wp-content/uploads/2019/05/QC_Great_Powers_for_distro.pdf.

5. Во воена смисла, најголемите ризици во конкуренцијата се дека конкурентот ќе развие технологии за поддршка на револуционерен оперативен концепт што ќе ги загрозува постојните начини на водење војна во САД. Соединетите Американски Држави мора да дадат приоритет и на напорите за ублажување на таквите концепти и на новите сопствени концепти за да ги заобиколат намерите на ривалите.
6. Безбедноста на информациите е сè повеќе круцијална за конкурентен успех. И Кина и Русија ја идентификуваат информациската средина како водечка област на конкуренција. Ранливоста на овој натпревар ќе биде општествена колку и воена.
7. Главните сфери на конкуренција бараат сè повеќе заеднички напори низ американската влада, вклучително и чекори за подобрување на невоените средства на државното уредување.

Можеме да заклучиме дека големите сили се државни актери со два вида на способност: способност за проекција на глобална сила, и способност за поставување агенда. Големите сили мора да поседуваат способност за да ја координираат и распоредуваат моќта низ целиот свет во повеќе области. Потоа, големата сила мора да поседува способност за поставување агенда за создавање глобален поредок и управување, како и за престиж или авторитет да одговори на транснационалните и мултилатералните предизвици.

*Табела бр. 1 – Цели и интереси на големите сили – САД, НР Кина и Русија.*

| САД | НР КИНА | РУСИЈА |
|---|---|---|
| • Зачувување на безбедноста на татковината и домашните политички институции од директен напад или манипулација физичка, виртуелна и информатичка.<br>• Зајакнување и заштита на темелите на националниот просперитет преку домашна конкурентност, пристап до пазарите, безбедност од грабеж од други.<br>• Избегнување регионална хегемонија од други и зачувување на безбедноста на сојузниците и суверената независност и помошно усогласување на клучните стратешки актери.<br>• Избегнување голема војна и чување стабилни односи со конкурентите што овозможува барем минимална координација за прашања од заеднички интерес.<br>• Обликување на доминантната глобална парадигма, промовирање и потпишување на либералните вредности и норми.<br>• Одржување на доминантна меѓународна позиција и влијание врз глобалниот поредок. | • Одржување на владеењето на Кинеската комунистичка партија и домашната стабилност.<br>• Продолжување со економскиот раст на високо ниво.<br>• Одржување поволна глобална и регионална средина.<br>• Доминација на избрани технолошки области.<br>• Стекнување доминантна позиција на избрани клучни пазари.<br>• Продолжување и воспоставување основа за решавање на прашањата со Тајван и со Јужното Кинеското Море.<br>• Продолжување со напредокот кон регионалниот примат и глобалниот статус на водечка сила. | • Обезбедување безбедност и стабилност на режимот, избегнувајќи странско мешање и политичка нестабилност.<br>• Постигнување регионална хегемонија, вклучително и консолидирање на влијание врз блиското опкружување.<br>• Зајакнување на статусот на голема сила.<br>• Неутрализирање на западните закани за безбедноста на режимот и стекнување влијание преку политички и информативни средства.<br>• Одржување стратешки нуклеарен паритет со САД.<br>• Враќање на статусот на голема сила и контрола над периферијата.[181] |

[181]Michael J. Mazarr, Bryan Frederick, Yvonne K. Crene, Understanding a new era of strategic competiion, RAND Corporation, 2022, page 7.

## Заклучок

Распаѓањето на биполарниот светски поредок донесе голем број на кризи, предизвици и безбедносни закани за државите зголемени по интензитет, простор и време. Оттука се поставува прашањето какви безбедносни закани, кризи и предизвици би нè очекувале во новиот мултиполарен светски поредок? Што ќе ни донесат современите процеси на глобализација и како ќе се манифестира во мултиполарниот светски поредок во кој се раѓаат нови сили и центри со различни вредности, моќ и системи на уредување?

Сметаме дека непредвидливите и динамични процеси на глобализација оставаат длабоки траги врз земјите и општеството. Акцентот е ставен на стратешкото ривалство меѓу големите сили предизвикано од современите процеси на глобализација кои непрекинато продуцираат нови облици на безбедносни импликации, закани и ризици, а кои влијаат врз натпреварот помеѓу големите сили. Потоа, фокусот е насочен кон промената на рамнотежата на силите интензивирана преку динамиката на безбедносната дилема, предизвиците и перспективите со кои се соочуваат државите во постстудениот период, како и можноста од новиот мултиполарен светски поредок. Потоа ги идентификувавме големите сили, нивните интереси, приоритети и дејствија. Во тој контекст беше направена анализа и дадовме критички осврт на улогата на САД, Кина, Русија и Индија, како доминантни актери во креирањето на новиот светски поредок.

За да се одговори на прашањето за новиот мултиполарен светски поредок, констатиравме дека на прво место се најде, не само економски, туку сеопфатниот, односно сестран подем на Кина. Вековите наназад биле обележани со мноштво на војни и ривалства помеѓу империите, подоцна во втората половина на XX век, односно по крајот на Втората светска војна за тоа кој ќе ги диктира светските текови и правила, битка се водеше помеѓу најистакнатите држави од победничката страна во Втората светска војна, а тоа беа САД и тогашниот Советски Сојуз, битката беше јасно пресликана преку Студената војна каде што на крај како победник излезе САД и го заседе првото место во светот.

Исто така се даде одговор на прашањето на безбедносните импликации произлезени од стратешкото ривалство на големите сили. Односно како имплементацијата на нивните интереси, ширење на нивната моќ, исцрпување на природните ресурси и задоволувањето на нивните хегемонистички апетити зад себе оставаат разурнати општества, пустош и секаков вид на насилства.

Човештвото моментално минува низ револуционерни промени. Во тек е формирање поправеден мултиполарен светски поредок. Неурамнотежениот модел на светскиот развој кој со векови обезбедува напреден економски раст на колонијалните сили преку присвојување на ресурсите на зависните територии и држави во Азија, Африка и во Западот неповратно исчезнува во минатото. Се зајакнуваат суверенитетот и конкурентните можности на незападните светски сили и регионалните водечки земји. Структурна трансформација на светската економија, нејзин трансфер на нова технолошка основа (вклучувајќи воведување на технологии за вештачка интелигенција, најнови информации и комуникации, енергија, биолошки технологии и нанотехнологии), раст на националната свест, културна и цивилизациска разновидност го забрзаа процесот на префрлање на развојниот потенцијал кон нови центри на економски раст и геополитичко влијание и кои промовираат демократизација на меѓународните односи.

Во однос на новиот мултиполарен светски поредок констатиравме дека актерите имаат одлучувачко влијание врз меѓународните односи. Со воспоставувањето и развојот на секој нов светски поредок доаѓа до промени во значењето на некои актери. Зајакнувањето и слабеењето на одредени актери зависи од разни фактори, од географски, преку политички и воени до економски и технолошки. Во периодот по Студената војна, актерите доживуваат големи промени во нивните карактеристики.

Дисбалансот на силите како концепт во меѓународните односи може да се воспостави евентуално преку рамномерна распределба на моќта помеѓу неколку земји во светот со тоа што ниту една од тие земји не би доминирала.

Направена е анализа и идентификација на големите сили, односно ги идентификувавме најмоќните сили во светот, и дадовме одговор на прашањето кои услови треба да ги исполнува една држава за да се стекне со статусот на голема сила. Како услови ги препознаваме следниве: безбедност, просперитет и

благосостојба, демографскиот пораст, економски раст и техничко-технолошки развој, модернизација и изградба на високоразвиен воено-безбедносен систем и други услови.

Во однос на мапираните земји кои го имаат статусот на голема сила дадовме одредени објаснувања за нивните воени и економски капацитети, порастот на населението и техничко-технолошкиот развој, како и нивната меѓусебна соработка.

Констатиравме дека западната цивилизација во која се опфатени САД има шанси да биде загрозена од незападните цивилизации, особено од Кина и земјите од исламскиот свет. Граничните линии помеѓу цивилизациите, односно географските области каде што две или повеќе големи сили се испреплетуваат би претставувале жаришта во 21 век. Разумното и ефикасно решение на овие проблеми може да се постигне само преку слабеењето на тензиите и склучување меѓународни договори. Овие договори треба да се засновани на долгорочна стратегија и меѓусебна соработка помеѓу државите со кои ќе се намалат побудите за конфликти и судири, како и тензиите помеѓу големите сили.

На меѓународната сцена големите сили се натпреваруваат во повеќе области за различни видови добра, за остварување различни амбиции и интереси, притоа користејќи разновидни економски, безбедносни, воени, дипломатски, информатичко-технолошки средства со цел да стекнат конкурентска предност. Секој од конкурентите настојува да ги промовира своите вредности и да ги оствари националните интереси и цели што неизбежно ќе води кон конфликт во оние зони или сфери каде што нивните интереси се судираат или се поклопуваат. Поради историската поврзаност, Русија има амбиции во Источна Европа, а НР Кина настојува да ја претвори Источна Азија во своја ексклузивна зона на интерес, додека пак САД имаат огромно влијание и во двата региона каде што создаваат широка коалиција на сојузници и партнери. Доколку стратешките конкуренти не успеат да го стабилизираат нивното интензивно безбедносно-воено ривалство, поверојатно е светот да се фрагментира на неколку безбедносни и економски блокови и да се наруши глобалната безбедност и стабилност.

## Користена литература


1. A more secure world: Our shared responsibility, United Nations, 2004.
2. Adrian Hyde-Price, The EU, Power and Coercion: From 'Civilian' to 'Civilising' Power, 'From Civilian to Military Power: the European Union at a Crossroads?', CIDEL Workshop, Oslo 22-23 October 2004.
3. Anthony H. Cordesman Emeritus Chair in Strategy, China's Emergence as a Superpower A Graphic Comparison of the United States, Russia, China, and Other Major Powers, August 2023.
4. Barry Buzan Lene Hansen, THE EVOLUTION OF INTERNATIONAL SECURITY STUDIES, Cambridge University Press, 2009.
5. Beck Ulrich, Sto je globalizacija, (превод) Nacionalni i sveucilisna knjiznica, Zagreb.
6. Beck Ulrich, The fight for a cosmopolitian future, New Statesman Nov 5, 2001.
7. Bertel Heurlin and Kristensen, INTERNATIONAL SECURITY, Danish Institute of International Affairs, Copenhagen, Denmark.
8. BUZAN, B. WILDE, J. DE. WAEVER, O. 1998. Security: A New Framework for Analysis. Lynne Renner Publishers, London.
9. Chirashree Das Gupta, State and Capital in Independent India: From Dirigisme to Neoliberalism, Department of Economics School of Oriental and African Studies University of London, 2017.
10. Daniel H. Nexon, The balance of power in the balance, Published 2009.
11. David R. Dreyer, Issue Conflict Accumulation and the Dynamics of Strategic Rivalry, International Studies Quarterly, Texas Tech University, 2010.
12. Erich Weede, The Diffusion of Prosperity and Peace by Globalization, The inddependent rewiev, Vol IX, No.2, 2004.
13. Evans Alex et al. Confronting the long crisis of globalization: Risk, Resilence and International Order, Managing Global Insecurity, Brookings CIC, 2010,
14. Felgenhauer, 'Moscow caught unprepared by the carnage in the Ferghana valley', EDM, vol. 7, no. 117, 17 June 2010.
15. Henry Kissinger, „Treba li Amerika vanjsku politiku? Prema diplomaciji za 21 stoljece, Golden Marketing, Zagreb, 2003.
16. Ingram Karl Oldberg, Russia's Great Power Ambitions and Policy Under Putin, Swedish Institute of International Affairs, January 2007.
17. Iver B. Neumann, "Russia as a great power, 1815–2007." Journal of International Relations and Development 11.2 (2008).
18. J. David Singer, "The Level-of-Analysis Problem in International Relations", op. cit, James N. Rosenau, People Count! Networked Individuals in Global Politics,
19. Jan Leijonhielm & Robert L- Larsson, Russia's Strategic Commodities: Energy and Metals as Security Levers, FOI-R—1346—SE, November 2004.
20. Jeffrey Mankoff, The United States in a World of Great Power Competition, Joiurnal of international analytucs, 2020.
21. Job Brian, Insecurity Dilemma: National, Regime and State Securities in the Third World, Boulder, 1992
22. John A. Stevenson, Future of Global Competition & Conflict, may 2019.
23. Jose Manuel Barroso, "Europe and the challenges of globalization", President of the European Commission, Speech given at St Antony's College , Oxford, 11 October 2007.

24. Jose Manuel Barroso, “Europe and the challenges of globalization”, President of the European Commission, Speech given at St Antony’s College , Oxford, 11 October 2007
25. Josef Joffe, The Myth of America's Decline: Politics, Economics, and a Half Century of False Prophecies, November 2014.
26. Keen Booth and Nicolas Wheeler, The Security Dilemma, Fear, Cooperation and Trust in World Politics, Houndmills, Macmillan, Published 2008.
27. Kirshner J., Globalization, American Power, and International Security, Political Science Quarterly Volume 123 No.3 2008.
28. Ksenia Dishkant, Bilateral Trade and Strategic Rivalry, University of Cema, Buenos Aires Argentina, June 2023.
29. Kolodziej E., Security and International Relations, Cambridge University Press, Cambridge, 2005.
30. Larsson, Russia’s Energy Policy , pp. 178 ff. See also Stefan Meister, Nach dem Gasstreit zwischen Russland und der Ukraine, Deutsche Gesellschaft für Auswärtige Politik, Berlin, no. 2. 2009.
31. MarchelG ., „A Dictionary of Sociology“, Second Edition, Oxfird University Press, 1998.
32. Mark Kramer, The Soviet Legacy in Russian Foreign Policy, *Political Science Quarterly*, Volume 134, December 2019.
33. Michael J. Mazarr and Tim Mcdonald, Competing for the system – The Esence for Emerging Strategic Rivalries, Rand Corporation, November 2022.
34. MICHAEL J. MAZARR, BRYAN FREDERICK, YVONNE K. CRANE, Understanding a new era of strategic competiion, RAND Corporation, 2022.
35. Michael J. Mazarr, Understanding Competition, Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories, March 30, 2022, page 3.
36. Miloš Joncic Aleksandar Jazic, The Old and the New World Order – between European integration and the historical burdens: Prospects and challenges for Europe of 21st century, Institute of International Politics and Economics, Belgrade, April 2019 last modified September 2023.
37. MiloševićZoran, „Novo doba” – „religija Novog svetskog poretka”, Vojno delo, br. 3–4, Beograd, 1994.
38. NATO 2022 STRATEGIC CONCEPT, Adopted by Heads of State and Government at the NATO Summit in Madrid 29 June 2022.
39. NATO, Strategic Concept For the Defence and Security of The Members of the North Atlantic Treaty Organisation, Lisbon, November 2010.
40. New Asian Disorder, Rivalries Embroiling the Pacific Century, editted by Lowell Dittmer, Hong Kong University press, 2022.
41. Richard Kugler and Ellen Frost, The Global Century, Globalization and National Security, Institute for national strategic studies, National defense university, Washington D.C., 2001.
42. S.Tatalovic A.Grizold V.Cvrtila, Suvremene sigurnosne politike drzave I nacionalna sigurnost pocetkom 21 soljeca, Golden marketing – Tehnicka kniga, Zagreb, 2008.
43. Stanley Hoffman, Clash of globalizations, Foreign Affairs Vol.81 No.4 July/August 2002.
44. Sujan R. Chinoy • Jagannath P. Panda, Asiabetween Multipolarism and Multipolarity, Manohar Parrikar Institute for Defence Studies and Analyses, New Delhi, 2020.

45. The Importance of Being Earnest Geopolitics of Realism, Europe, The Great Powers, and their challenges, Horizon, Summer 2019.
46. Volc, Kenet, Teorija međunarodne politike, Centar za civilno-vojne odnose: Alexandria Press, Beograd, 2007.
47. World Economic Forum, Scenario For The Russian Federation, Januari 2013,
48. Zhao, S. (2022). The US-China rivalry in the emerging bipolar world: Hostility, alignment, and power balance. Journal of Contemporary China, 31(134), 169-185. Lt Gen D S Hooda, India's national security strategy, March 2019.
49. Аврамов Смиља, Безбедноста во 21 век, Зборник на трудови СИМБОН 2001, Белград,
50. Бурдје Пјер, Одбрана на цивилизацијата, Република, бр. 280, 1-15 март 2002 година.
51. Ванковска Билјана, Меѓународна безбедност критички пристап, Филозофски Факултет – Скопје, 2011,
52. Вулетиќ Владимир, Современи теории на глобализацијата, „Глобализација и транзиција", Институтза општествени науки, Центар за економски истражувања, Белград, 2005.
53. Георгиева Лидија, Творење на мирот, Мирот безбедноста и конфликтите по студената војна, Скопје, Филозофски Факултет, 2007.
54. Ѓуровски Маријан, „Основи на безбедност - концепциски безбедносни пристапи", Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија Универзитет "Св. Климет Охридски" – Битола, Скопје 2021.
55. Зенделовски Горан и Нацев Зоран, Глобализацијата, мирот и безбедоста, Филозофски факултет, Скопје 2014.
56. Ковачевич Бранко, „Глобализација и Сувереност", Бања Лука 2014.
57. КотовческиМитко, Национална Безбедност, Филозофски Факултет – Скопје, Бомат Графикс, Скопје 2013.
58. Манфред Б. Стегер, „Глобализација",Сахинпашич, Сараево, 2005.
59. Марковиќ Д, „Социологија и глобализација", Центар за обука на образовни менаџери, Белград, 2000.
60. Мицович В., Глобализација и нов светски поредок, Цигоја штампа, Белград, 2001.
61. Нацев Зоран,„Предизвиците на глобализацијата и безбедносните импликации", „Годишен зборник", Филозофски факултет, Скопје, 2021.
62. Пецујлич М., Зад глобализацијата, Голден Маркетинг, Загреб, 2003.
63. Попович Т.Г., Криза Глобализације, Бесејда, Бања Лука, 2003.
64. Стојанович С., Безбедноста и предизвиците на процесот на глобализација, Воено дело, бр. 1, 2005, Белград.
65. Улрих Бек, „Што е глобализацијата?", превод Тера Магика, Скопје, 1997.
66. Френсис Фукујама, Како да се нарече нашата ера, во збирката „Глобален свет. Осум есеи за глобализацијата", Нова српска политичка мисла, Белград, 2003,

## Интернет страни


1. http://repozitorijum.diplomacy.bg.ac.rs/146/1/The%20Old%20and%20New%20World...-287-301.pdf.
2. https://academic.oup.com/book/39757/chapter-abstract/339823269?redirectedFrom=fulltext
3. https://andrewmonaghan.net/the-new-politics-of-russia-interpreting-change/
4. https://bibliotekanauki.pl/articles/2232486.
5. https://casi.sas.upenn.edu/iit/chrisogden
6. https://china.diplo.de/cn-de/search?search=china%20politik
7. https://csis-website-prod.s3.amazonaws.com/s3fs-public/2023-08/230811_Cordesman_China_Emerging.pdf?VersionId=PfyIjoITze29gpLxIY8kFOsuXzqLikV5.
8. https://d1qv80yeh4usdm.cloudfront.net/images/106cec0171714ce595cf800c1301e15c.pdf
9. https://dictionary.cambridge.org/dictionary/english/multipolar.
10. https://economictimes.indiatimes.com/news/economy/policy/view-india-neednt-worry-about-a-middle-income-trap/articleshow/70283084.cms?from=mdr
11. https://edusson.com/blog/positive-and-negative-effects-of-globalization
12. https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/0022343313512852
13. https://lokalno.mk/zbignjev-bzhezhinski-kon-novata-svetska-rekonstrukcija/
14. https://medium.com/@maryoffutt/the-negative-effects-of-globalization-7642661e0ccf
15. https://mepc.org/speeches/china-great-power
16. https://mfa.gov.mk/mk/page/486/zakon-za-nadvoreshni-raboti
17. https://ndla.no/subject:1:06270029-7aa7-4a7a-b383-128b275ff150/topic:2:184671/resource:1:103554
18. https://ndupress.ndu.edu/Media/News/News-Article-View/Article/2404614/12-whither-europe-in-a-new-era-of-great-power-competition-resilient-but-troubled/
19. https://nsiteam.com/social/wp-content/uploads/2019/05/QC_Great_Powers_for_distro.pdf
20. https://paulofilho.net.br/wp-content/uploads/2021/10/National_Security_Strategy_of_the_Russia.pdf
21. https://respublica.edu.mk/blog/politika/2019-02-11-09-00-09/
22. https://saisreview.sais.jhu.edu/what-is-strategic-competition-and-are-we-still-in-it/
23. https://simplicable.com/society/power-imbalance
24. https://theseoultimes.com/ST/?url=/ST/db/read.php?idx=2765&ckattempt=1
25. https://watermark.silverchair.com/54-3-779.pdf?
26. https://web.archive.org/web/20091031190936/http://encarta.msn.com/encyclopedia_761590309/Great_Powers.html.

27. https://web.archive.org/web/20110606112149/http://www.oecd.org/dataoecd/17/52/39452196.pdf
28. https://world101.cfr.org/historical-context/world-war/how-did-united-states-become-global-power.
29. https://www.academia.edu/69317426/Gleichgewicht_der_Kr%C3%A4fte
30. https://www.auswaertiges-amt.de/de/newsroom/regierungspressekonferenz/2649910
31. https://www.b92.net/o/biz/vesti/svet?yyyy=2019&mm=02&dd=23&nav_id=1509261
32. https://www.boell.de/en/2021/01/08/europe-power-french-vision-europe-world
33. https://www.bpb.de/shop/zeitschriften/apuz/25280/china-die-kommende-grossmacht/
34. https://www.britannica.com/topic/balance-of-power
35. https://www.cairn.info/revue-politique-europeenne-2013-1-page-22.htm?ref=doi
36. https://www.cer.org.uk/in-the-press/europe-new-superpower
37. https://www.csis.org/analysis/us-joint-chiefs-new-strategy-paper-joint-concept-competing
38. https://www.forbes.com/sites/kenrapoza/2013/01/24/russias-three-biggest-problems/?sh=2e4f31c25c86
39. https://www.foreignaffairs.com/articles/world/2021-03-23/new-concert-powers
40. https://www.hindustantimes.com/opinion/indiauae-relationship-holds-a-reservoir-of-trust-101673533941280.html
41. https://www.historyextra.com/period/modern/has-china-always-been-world-greatest-global-superpower/.
42. https://www.hoover.org/research/myth-americas-decline-politics-economics-and-half-century-false-prophecies.
43. https://www.independent.org/pdf/tir/tir_09_2_1_weede.pdf
44. https://www.internationalaffairs.org.au/australianoutlook/chinas-great-power-responsibilities-and-the-politics-of-hegemonic-reordering/
45. https://www.kas.de/documents/281657/281706/Securiy+Risks+and+Threats+MKD.pdf/a097b368-3c2c-d8e1-f971-714a7da195a3?version=1.0&t=1588094747663
46. https://www.marketwatch.com/story/india-is-overtaking-china-today-as-the-worlds-most-populous-country-according-to-this-projection-d268ead9
47. https://www.masterclass.com/articles/how-globalization-works-pros-and-cons-of-globalization
48. https://www.megatrends-afrika.de/themen/globale-machtverschiebung-und-multipolaritaet.
49. https://www.nato.int/lisbon2010/strategic-concept-2010-eng.pdf
50. https://www.orfonline.org/expert-speak/indias-growing-strategic-footprint-in-the-indo-pacific
51. https://www.oxfordbibliographies.com/display/document/obo-9780199743292/obo-9780199743292-0310.xml

52. https://www.project-syndicate.org/commentary/european-union-great-power-potential-by-joschka-fischer-2020-01
53. https://www.researchgate.net/publication/304734845_Russia's_Great_Power_Ambitions_and_Policy_Under_Putin
54. https://www.sd.rs/clanak/dominacija-zapada-polako-se-blizi-kraju-i-21-vek-ce-biti-vek-azije-30-03-2015
55. https://www.swpberlin.org/publications/products/research_papers/2020RP04_China_USA.pdf
56. https://www.tandfonline.com /doi/full/10.1080/10670564.2021.1945733
57. https://www.theglobalist.com/u-s-power-in-the-21st-century/
58. https://www.un.org/peacebuilding/sites/www.un.org.peacebuilding/files/documents/hlp_more_secure_world.pdf
59. https://www.waldenu.edu/online-doctoral-programs/phd-in-public-policy-and-administration/resource/what-is-the-balance-of-power-and-how-is-it-maintained
60. https://www.washingtonpost.com/opinions/american-power-in-the-21st-century-will-be-defined-by-the-rise-of-the-rest/2013/06/28/f5169668-dced-11e2-9218-bc2ac7cd44e2_story.html?noredirect=on
61. https://www.who.int/director-general/speeches/detail/globalization-and-health
62. https://www3.weforum.org/docs/WEF_Scenarios_RussianFederation_Report_2013.pdf
63. https://youmatter.world/en/definition/definitions-globalization-definition-benefits-effects-examples/
64. Understanding Competition: Great Power Rivalry in a Changing International Order — Concepts and Theories | RAND
65. https://www.statista.com/statistics/262742/countries-with-the-highest-militaryspending/#:~:text=The%20United%20States%20led%20the,to%202.4%20trillion%20U.S.%20dollars
66. https://repositories.lib.utexas.edu/items/fcb784b7-9bd7-4b0f-9f92-f6bc0e8239ec
67. http://eng.mod.gov.cn/xb/DefensePolicy/index.html
68. https://archive.claws.in/images/journals_doc/52385527_1117566064_PhilipCampose.pdf